СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 ноември 1995 година

Скопје, ноември 1995 година

## II ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 29-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 8.XI. 1995 ГОДИНА

Дневен ред:Предлог за донесување на Закон за денационализација

1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 54
2. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 40
3. ВЕЈСЕЛИ АБДУЛАДИ - 24
4. ГОШЕВ ТУШЕ - 84, 86
5. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 33
6. КАРОВ ЗВОНКО - 20
7. КОТЕВСКИ СЛАВКО - 91
8. МИЉОВСКИ ЈАНЕ – 1, 12
9. МИТЕВСКИ ДРАГАН - 70
10. ПАУНОВ ТЕОДОСИЕ - 27
11. ПРУДИ АБДУРАУФ -60
12. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА - 81
13. РАМАДАНИ ХИСЕН - 35
14. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦЕ - 80
15. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 96
16. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 43, 53
17. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 64
18. ТАЛИМЏИОСКИ ПЕТАР - 73, 77
19. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 77
20. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 12
21. ХАСИПИ КЕНАН - 29
22. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 67, 69
23. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 60, 93

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 ноември 1995 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, (сала број 1), со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратениците Димитар Вревезовски, Благоја Силјановски, Јане Ангеловски, Илинка Митрева, Санде Давчев, Симон Наумоски, Панче Насев, Драган Горгиев, Сами Ибраими, Јован Лазаров, Санде Џамбазовски и Владимир Соколовски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **<u>точката 9</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за денационализација.</u>

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Јане Миљовски, министер во Владата а Република Македонија.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа, денеска пред вас се наоѓа Законот за денационализација. Вие знаете дека

го работевме доста во работните тела, меѓутоа јас би сакал тука да изнесам неколку моменти, да го сместиме во целиот овој систем на закони кои што заедно ги донесовме. Тоа е еден закон кој што спаѓа во сферата на она што го велиме приватизација и фактички повеќе закони кои што директно не го носеа тоа име ја заокружуваат таа сфера. Покрај самиот закон за приватизација или како што се викаше кај нас за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, значи покрај тој закон во оваа сфера влегуваат и законите со кои што се регулира продавањето на становите во општествена сопственост, законот со кој што се регулира продавањето на деловниот простор. Тука секако дека спаѓа овој закон за денационализација за да го заокружи тој систем. Сега тоа не значи дека ние потполно ќе престанеме веќе, или дека ќе ја затвориме барем од законодавна гледна точка оваа сфера. Не, напротив со ова само го заокружуваме системот, ќе следат уште неколку закони кои што ќе треба да ја дополнат оваа област. Тука пред се мислам на оние закони кои што ги регулираат приватизацијата на оние претпријатија кои што со 1 член 3 од Законот беа исклучени, како на пример земјоделието кое што веројатно исто така ќе дојде преку измена на закон за земјоделие, или пак на оние што ги викаме од посебна општествена важност и дел од нив ќе одат во приватизација со измена на соодветните закони каде што веројатно ќе се упати на законот за приватизација и тн. Меѓутоа, овој закон не е обичен закон од сферата на приватизацијата, туку е нешто повеќе.

Прво, заради тоа што овој закон како повеќе од било кој друг го потврдува нашиот однос кон приватната сопственост како  таква. Ние како еден економски процес, како идеолошки процес со приватизацијата се одредивме за приватната сопственост. Меѓутоа, сега со донесувањето

на законот за денационализација веќе го удираме конечно темелникот барем од законска гледна точка на нашиот однос кон приватизацијата како камен темелник на оваа држава. Тој има и една друга улога. Улога на закон кој што треба да исправи, тој термин веќе стана малку вообичаен, некакви историски неправди. И оттука има посебно значење. Тие историски неправди кои што се нанесени во минатото добиваат да речам на актуелност сега во денешен момент кога вршиме приватизација. Ако вршиме приватизација, ако трансформираме општествена сопственост во приватна тогаш веројатно ќе се осети како сериозна неправедност, на некому е нешто одземено само заради тоа што било приватно, или само заради тоа што е оценето дека е премногу богат за стандардите на тоа општество, а сега на други луѓе им дозволуваме да приватизираат и бараме од нив да стануваат и побогати, затоа што иако можеби не сосема од нашите глави, меѓутоа барем од официјалната идеологија, од легислативата богатството како негативност негативност мислам дека исчезна од овој систем. И оттука овој закон ја имаа таа клучна улога навистина да го покаже нашиот однос кон приватната сопственост. А особено неправдата веројатно би се чувствувала во оној момент ако се дозволи да некој друг сега во приватна сопственост трансформира нешто што претходно е одземено само заради тоа што било приватна сопственост или заради тоа што се мислело дека на некого му е многу. Кога не би направиле така во каква ситуација би се нашле, ако не донесеме закон за денационализација, тогаш сето она што порано било приватна сопственост или ќе остане во општествена сопственост,или ќе дојде во други раце тоа. Значи апсолутно за воспоставување на некаква историска правда овој закон има големо значење и мислам дека оправдано целата Република со голем интерес ја следи оваа наша првична дебата. Ми се чини дека

донесување на овој закон многу повеќе отколку било таква декларација за извинување ќе значи на луѓето на кои што им е одземен одреден имот. Сега гледајќи го текстот вие ќе видите дека во него има доста алтернативи. На сите покрупни членови се дадени алтернативни решенија. Зошто е тоа така направено? Направено е од едно длабоко чувство дека е ова толку важен закон каде што ние мораме како Влада да ги чуеме импулсите кои што ќе дојдат од ова Собрание, да ги чуеме дискусиите кои што ќе дојдат од пошироките маси на стручни собири, на собири на разни здруженија за да конечно се определиме за патот по кој што ќе одиме во денационализација, идејќи токму во повеќестепеноста на законите ние обезбедуваме размена на идеи меѓу Владата, Собранието и стручните кругови. Дури вообичаено и строго асено е само да се напишат тези врз база на кои основи ќе се изработи законот. Ние ви дадовме веќе во обичен текст за да можете полесно да се искажувате за определени решенија токму заради тоа што материјата е многу чувствителна. Меѓутоа како што реков и кај кој е од овие решенија ви даваме алтернативи. Тие алтернативи генерално јас би ги групирал во два дела. Едниот дел е кој што одговара на барањето на денационализацијата да се изврши преку физичко враќање на сопственоста, или реституција како што се вика, а вториот дел е преку таканаречената компензација. И едниот и другиот модел имаат и предности и слабости. Реституцијата, враќањето има една предност прво на оној психолошки ефект ако се работи за дуќан, ако се работи за куќа, чувството: еве ова е куќата на мојот татко, дедо итн. која што се враќа во сопственост. Тој психички елемент е многу битен.

Има втора предност, економска предност што со враќањето не мораат да се издвојуваат посебни средства, туку едноставно се предава во владение имотот. Меѓутоа, има една можна негативност да прво не

може се да се врати во интегрален облик и тука ќе настанат додатни компликации. Второ да оној дел од имотот кој што веќе претрпел низа правни трансформации, или физички трансформации не може да оди по овој начин на враќање.

Вториот начин на враќање компензација, значи обесштетување, а да не се враќа имотот, ја остава структурата на употребата на имотот која што ја имаме денеска негибната. Практички го користат оние кои што денеска ги употребуваат со тоа што поранешните сопственици се компензираат, се обесштетуваат со одредена сума пари. Меѓутоа,пак овој метод има друга негативност, има една предност што може да оди релативно брзо, не навлегуваме каков бил имотот, кои се правни трансформации ги доживеал, туку едноставно се проценува колку било во моментот на одземањето и толку се надоместува. Тука веќе почнуваат и првите проблеми, тоа значи веднаш почнува проблемот на проценка на имотот, почнува проблемот на дали е правилно проценет, дали е погрешно проценет и се разбира ова чувство дека не се вратил имотот, туку само е искомпензиран.

Исто така кај алтернативите вие имате уште една можност а тоа е мешан систем и на враќање и на компензација. Дури ако се определиме за реституција, за враќање , дури и одлуката за таков систем нужно по цела низа елементи ќе биде комбинирана со системот на компензација. Зошто? Токму заради тоа што дел од тој имот што на некој начин треба да се врати едноставно не постои не е во таа физичка состојба, правна состојба сосема друга, тогаш мора да се компензира. Тоа значи и ако во принцип се одлучиме за враќање повторно ќе мораме да имаме еден дел каде што ќе компензираме. Меѓутоа некои земји појдоа по тој пат да се се искомпензира, а да не се врати. На вас е да кажете, да дадете напатствија во кој правец да работиме. Ние имаме одредени сознанија

имаме и одредени ставови и не сакавме да ви ги да речам непријатно натуриме, туку само да ви ги назначиме во текстот токму за да го добиеме тој импулс од вас. Имено веројатно за нас како Република за нас сите мислам и за овој пратенички дом и за Републиката веројатно од финансиски аспект, од финансиска гледна точка ако се оди на враќање на она што се уште постои како физички имот тоа ќе претставува помал финансиски товар за Републиката, а и ќе служи на онаа цел. Меѓутоа, тогаш ќе се јави проблем со сегашните, со луѓето кои што сега го употребуваат тој имот, на пример кај станарите ако се вратат национализираните станови, што со сегашните станари? И сигурно е дека имаат право поранешните сопственици да бараат враќање, меѓутоа сигурно е дека со овој закон не треба да се прават, да се отвораат нови рани да на некој начин се најде некакво решение кое што не би создало нови неправди., Од друга страна пак ако ја погледнете бројката која што веќе се најавува 2800 станови ако таа е вистинита, ако тоа го помножите со просечна цена на стан, помножете го ќе испадне сума која што оваа Република доста долго време не ќе има на располагање да ја направи. И има некои кои што велат имате државни станови, имате претпријатија, имате деловен простор, искомпензирајте со тоа. Делумно се врши таа компензација, средствата прибрани со продажба на овие фактички треба да оди за намирување на поранешните сопственици, меѓутоа тука имаме извесен расчекор во примањата и во евентуалните расходи. Слабоста на овој предлог кој што сега ви го давам е донекаде и во образложението заради тоа што во образложението вие нема да добиете краен податок, ќе добиете таков податок како што имаме околу она што сега знаеме дека би требало да се врати. И веројатно тоа споредено со она што луѓето го знаат се разликуваат меѓу себе. Каде е конечната вистина ќе знаеме веројатно после завршување на процесот на денационализација, меѓутоа би требало уште во текот на носење на законот да имаме

некакви поегзактни показатели. Јас можам само да ви кажам дека Министерството за финансии планира во текот на процедурата да објави повик со кој што ќе ги повикаме поранешните сопатвеници да го пријават својот имот за да прво точно и егзактно утврдиме по кои се основи е одземено. Ние овде мислиме дека сме ги навеле сите, меѓутоа, за да не се случи случајна грешка, некој тип на одземање да биде испуштен моравме да примениме ваков метод на повик на поранешните сопственици да го пријават, ќе организираме специјална служба, ќе организираме специјален образец и врз база на тоа до следната дискусија во Парламентот веќе да излеземе и со поточни бројки што тоа значи како финансиски товар за Републиката, иако повторно викам и тој ќе е релативен затоа што тие пријавени имоти ќе бидат израз на желбата на оние кои што пријавуваат дека им е одземен имотот. Меѓутоа, каде конечно колкав ќе биде, ќе биде дури откога ќе се измерат правните аргументи дали тоа што е пријавено дека е одземено навистина е одземено. Сега ние појдовме од неколку претпоставки во работење на овој закон. Јас би сакал да ви ги соопштам и да ве молам да и вие тоа го имате предвид и мислам дека тие се прифатливи за сите. Се работи за следното.

Иако потполно ја прифаќаме потребата од денационализација како еден историски факт ние мораме да сфатиме дека ова е расчистување со нешто од минатото, тоа ни е нужно, меѓутоа дека го правиме за да градиме заедничка иднина. Таа иднина не смее да биде да ја претвори Македонија во судска сала. Не смее да ја претвори Македонија во општа судница во која што секој против секого ќе се тужи,во која што секој ќе ја тужи државата, или државата ќе тужи секого. Тогаш кога ќе има толку многу тужби и предмети не може да има ни правда. Правдата може да

има само ако тој број остане релативно мал за да може со тој апарат кој што постои и судски и административен да целата работа се сврши. Инаку, ако се зголеми бројот на случаите многу тогаш фактички ние ќе се декларираме, меѓутоа дефакто не ќе можеме да го вратиме имотот. Оттука, при изработка на овој текст ние појдовме од тоа да што е можно повеќе се поедностави процедурата на враќање таму каде што тоа е одземено во управна постапка  да се прати со едноставно управна постапка при што, еве во тек се, ќе видите дека тука е предложена комисија за Министерство за финансии, тоа е некој рецидив од еден обичај добар кој што го земал тој треба да го врати потписник по такви решенија е Министерството за финансии порано пред многу години. Оттука се влече некоја линија дека Министерството за финансии треба да биде, меѓутоа ние ако ни дадете аргументи да направиме поинаку, на пример да формираме државна комисија на ниво на влада апсолутно немаме ништо против, или пак да формираме комисија во некој друг орган и за тоа сме отворени.

Второ, ние размислувавме како да не се отвораат сите судски процеси со кој што е одземан имотот. За жал не може преку управна постапка да се врати нешто што е одземено со судска одлука.  Само судот може да врати нешто што судот одзел. Меѓутоа веќе во текстот ќе видите дека фактички заговараме една скратена судска постапка каде што не би се влегувало во самата да се отвори процесот повторно, да се утврдуваат фактите повторно, туку само да се констатира дали како резултат на определена идеолошка, заради идеолошки причини е извршено одземање на имотот и тогаш да се изврши враќање со судска одлука на тој имот и само во одредени случаи кои што се овде наведени каде што навистина има потреба тогаш да се отвори, значи тоа да бидат само многу мал број случаи да се отвори судската постапка. Значи тоа да го сведеме на минимум.

Има уште една специфичност што фактички ние одиме кон еден систем на враќање на имотот на оној од кого што е одземено. Ова некои погрешно го разбираат. Не значи дека се исклучени наслениците, туку напротив, тие треба и имаат право да поднесат барање за враќање на имотот. Дефиницијата дека се враќа на првобитниот сопственик фактички ја исклучува државата од евентуални додатни судски процеси кои што можат да се јават во врска со наследството во врска со тој вид на да речам несогласувања за кои што често пат се бара судска заштита и ние не би сакале целиот процес на денационализација тука заради тој елемент да биде самиот за себе оспорен. Оттука ние ќе можеме да извршиме враќање на имотот во онаа состојба или на оној од кого што е одземен, а ако наследниците не можат да се сложат, тогаш тоа е работа на денешни услови, а не на расчистување. Ние ќе го расчистиме случајот меѓу Републиката и оној на кој што му е одземен, а неговите наследници тогаш ќе треба меѓу себе да се разберат според важечките прописи кои што денеска се на сила Има одреден вид на приходи кои што можат да се генерираат и од самиот процес на враќање, ние фактички нема едно унифицирано решение за секој имот овде. Ние имаме еден имот кој што се состоел во претпријатија, имаме друг имот кој што се состоел во земја, имаме трет имот кој што се состои во дуќани, четврт тил на имот кој што се состои во станови. Секој од нив има специфичност во своето враќање. Имаме и други имоти како на пример стада итн. кои што пак одат по посебен режим. Оттука враќање физичко може да биде фактички теоретски само на земјата ако постои, становите и дуќаните ако постојат. Меѓутоа, за претпријатијата ние веќе имавме во законот за приватизација едно решение. Во тоа решение ние рековме дека она што било поранешна сопственост не смее да се приватизира и дадовме можност поранешните сопственици да го запрат приватизирањето на таквиот имот. Јас се надевам дека сите органи постапиле во согласност со

одредбите на Законот и навистина така правеле како што рековме. Меѓутоа, во тој закон ние немавме ниту едно решение како и во кој обем и што да им се врати на овие што се поранешни сопственици. Тоа решение практички треба денеска да го нуди овој закон. Тоа значи овој закон треба сега да ги реши сите оние предмети на кои што е ставена рака, или кои што се запрени со законот за приватизација. Сега треба да го најдеме решението за процедурата, за методот, за обемот.

II/1.-ПЈ/МЛ

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Втората, за методот, за обемот на она што им се враќа на поранешните сопственици. Што значи тој закон доживува нормално продолжување во овој закон за денационализација.

Јас реков дека целиот имот во Македонија, секоја по дина група на имот има различен третман, меѓутоа дури и сите тие споредени со други земји имаат апсолутно поинаква ситуација и јас се надевам дека за ваков жежок закон овде во Македонија ние ќе можеме да водиме многу помирна дискусија. Зошто? Заради тоа што и во изминатиот систем, да не заборавиме на извесен начин се почна со градење на приватната сопственост. Имено, не е мал и бројот, јас мислам дека е огромен бројот на македонското население кое што живее во приватни станови. Оттука, процентот на проблеми кои што ќе треба да ги решиме е релативно мал спореден со други поранешни социјалистички земји. Огромен дел на земјоделското земјиште е во приватни раце. И со тоа проблемот е релативно мал, останува само еден дел кој што е во земјоделските комбинати. Неразвиеноста на Македонија предизвика тоа, пред војната фактички да нема голем дел на претпријатија во Македонија, па оттука и приватизацијата на тие претпријатија ни овозможи да го донесеме тој закон пред да го донесеме овој, значи прво да почнеме со приватизација, а дури после да почнеме со денационализацијата, иако ако сите тие претпријатија имаа историја од претходно, ќе моравме да одиме по другиов начин, прво денационализација, а потоа приватизацијата. Меѓутоа, фактот што најголем број претпријатија почнаа за прв пат после војната да им се овозможи овој поинаков ред, кој што за мене ги даде и одре- дени предности. Затоа што колку и да е денационализацијата праведен и нужен процес, таа во низа поранешно источно - европски земји предизвикала донекаде успорување на процесот и предизвикала извесен застој во економијата.

Јас не би сакал натаму да навлегувам во деталите на законот, тие ги имате во самиот текст пред вас, ви благодарам за вниманието и чекаме од вас напатствија практични кои од понудените алтернативи да ги прифатиме. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Томе Стојановски има збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине потпретседателе, господине министре, драги колеги пратеници, долго очекуваниот закон за денационализација конечно влезе во оваа собраниска процедура. Викам долгоочекуван, затоа што на некој начин приватизацијата до нова година ја прикрајчуваме било како да е, а со денационализацијата тек почнуваме. Јас во потполност ги респектирам образложенијата на министерот господин Миљовски онака како што се изнесени и ќе бидам најсреќен ако најголемиот дел од овие негови искажувања, размислувања бидат вградени во конечните верзии на овој закон. Викам ќе бидам несреќен, затоа што и неговото учество во една емисија овие денови кога овој закон веќе е актуелен, јас ја сфатив како еден повик до сите компетентни фактори да се вклучат со свои сугестии, мислења и предлози за да се помогне низа енигми, алтернативи и слично да бидат избистрени за на крајот на краиштата да дојдеме до решенија, кои како што рече министерот нема да создадат конфликтни ситуации, тензии, туку напротив една неправда ќе ја, практично ублажат и не можат да ја искоренат, не можат многу нешта да се надокнадат, но во основа сето тоа го прифатив како искрена желба навистина да се спроведе денационализација на сето она што по разни основи неправилно или неоправдано е одземено. Меѓутоа, спороста на донесувањето на овој закон до нас и сето она што во него е вградено

практично кај мене возбудува едно чувство дека нема да оди тоа така брзо и ефикасно и дека повеќе во овој закон сакаме да искажеме добра волја. Сигурно, верувам дека тоа е и обврска. А обврска пред светот, пред сите институции е приватизацијата, сигурно дека еден дел од нив е и оваа денационализација. Напротив, со некои размислувања и констатации на министерот не морам и не можам да се сложам, не е ни битно, меѓутоа, размислувам малку поинаку дали навистина држи дека подобро е прво да имаме приватизација завршена од одмакната, која што ќе биде на крајот и финализирана, или сепак беше подобро оваа денационализација да започнеше, да ја докрајчевме, но верувам дека притисоците за приватизација на сите тие институции беа поголеми и верувам дека полесно беше овој процес да се одолжи.

Јас ќе искажам некои општи забелешки пред да кажам некои мои конкретни набљудувања, повторувам, се со цел од сопствените видувања, искуства и лично од контакти со луѓе и пренесени да придонесеме за една реалност, како сите ние овде во своите средини изнесеме примери, дури и предлози на конкретно можно разрешување на одредени прашања, сметам дека на предлагачот на законот ќе му помогнеме и практично нашата цел тука ќе ја постигнеме. Најмалку, ќе бидам за тоа ние тука како пратеници да бидеме обична гласачка машина, која што еден ваков витален и по мене, точно е што рече министерот, историски закон треба да го донесеме.

Постапката за враќање на имотот е мошне спора во стилот, ќе биде полека, за да биде сигурно, кога се чекало 40-50 години, ќе почекаат поранешните сопственици уште некоја година. Ова се коси со начелото на ефикасност, начело на управната постапка, која што и министерот неколку пати ја апострофираше, која се применува вообичаено во постапките кои што досега служат како искуство во процесите на денационализација во повеќе држави и земји.

II/4.-

Целиот концепт кој што ни се предлага е спор и развлечен. Постапката за враќање на имотот треба да биде брза, итна, ефикасна и едноставна. Ако сакаме поранешните сопственици да не доживеат уште еден имотно - психолошки шок.

Прво, беше присутна радоста од историската шанса што имотот се враќа, па дојде суровото отрезнување од играта на нерви и на крајот да завладее една апатија, бидејќи изиграни се добар дел од очекувањата на поранешните сопственици, зашто еден дел од нивниот имот веќе се приватизира мимо заштитните механизми во прописите за трансформација на општествениот капитал.

Второ, постапката за денационализација во основа мора да биде крајно хумана. Во полза на поранешните сопственици за да се исправи, ако воопшто може да се исправи една голема, идеолошка историска грешка и хипотека на минатото. Од понудениот текст тоа не се гледа. Во постапката за денационализација органот треба да води сметка за поранешните сопственици. Тоа е тој што 50 години е онеправдан.

И во материјалните одредби од законот има повеќе социјалистички заштитни механизми во кои доминира јавниот интерес, нас проти приватниот на граѓаните, поранешните сопственици. Имено, определен е доста широк круг на јавни објекти и широк јавен интерес за да не се врати имотот на поранешните сопственици, туку да им се исплати, се разбира под многу рестриктивни услови, а плаќањето е развлечено на 10,20 години, што веројатно ќе нема ниту економски, а уште помалку психолошки и хуман ефект. Многу се внимава поранешните сопственици да не добијат нешто повеќе, да не се збогатат. На пример, премногу се објаснуваат изменетите објекти, доградби, надградби и слично. Станбените решенија не се до крај дефинирани, а добро се знае дека нивниот имот бил предмет на користење половина век за кое време не

им се признава на сопствениците никаков надоместок. Кај мене будат сомненија и продолжените решенија на стручниот состав на идните комисии за денационализација. Не е утврден бројот на членови, туку само дека бројот е непарен.

Второ, во нив може да биде застапен голем број на техничко - стручен состав, само еден е обврска да биде дипломиран правник. Сметам дека ваквиот состав ќе придонесе постапката да биде уште поспора и развлечена, не брза, не квалитетна, правно неиздржана, а стручните лица мислам дека мора и треба да бидат ангажирани како вешти лица во интерес на тоа оние на кои што им е тоа основна професија и знаење да ја водат оваа постапка.

Ние стигнавме до една интензивна приватизација, која што на општо задоволство треба да ја дореализираме. Во таа смисла сметам дека и овој процес треба да биде забрзан. Прашањето дали да се оди во три фази или две, сметам дека треба да го обмислиме, освен ако во изјаснувањето на министерот не прочитав денеска потребно време за да се собере целокупната документација што би значела право на сопственост. Меѓутоа, дали ќе одиме во две или три фази, мислам дека она што министерот го рече, нека извини министерот што честопати го апострофирам, сосема е логично, затоа што бевте и објективно присутни со добра намера во јавноста, кога рековте дека не каде до март месец можеме да го очекуваме овој закон што со сите овие неразјаснети работи сметам дека е доста рационален и разумен проект.

Јас би се задржал на работи кои што кај мене означуваат колку нејаснотии, ако е нејаснотија, која што јас не ја разбирам не е толку трагично, меѓутоа ќе биде многу опасно ако тие нејаснотии се намерно вградени за да значат една конфузија, одолговлечување, а тоа би значело одалечување од искрената желба за денационализација.

II/6.-

Сметам дека ако во овој закон предлагачот приоѓа, а ние прифатиме метод и стил дека навистина сакаме да имаме приватизација, се извинувам, денационализација, сметам дека ќе успееме да донесеме таков закон. Ако ова ни е само една формула, ако ова ни е само можност тука да биде присутно во голема мера она што го викаме секојдневие, дневна и актуелно - профитабилна политика, ако во сето ова се вклучат сите субјекти, а тоа значи и стечајните постапки кои што се сега во мода и кои што можат да одвлечат голем дел од потенцијалот, од капиталот со кој што може државата да располага.

Не можам да се сложам со многу квалификативи изнесени во членот 4, кој што можат да доведат до опасност огромен број на поранешни сопственици не ќе имаат право да ја бараат својата сопственост. Се означуваат соработка со окупатор, конфискација, геноцид и многу тешки зборови, од кои што во Македонија, за среќа ка- ко што рековте и вие господине министре, ние имавме многу малку. Впрочем, геноцид не сме имале, а она другото што значи, сепак, тоа сметам дека судството во Македонија, во оваа држава го има расчистено и тука не би требало да има калкулации, манипулации и нејаснотии. Сметам дека таквите случаи се издиференцирани и се јасни. Сето тоа мислам дека е појдовно ако сакаме правичен приод кон овој важен акт.

Следен член, кој што е исто така многу важен е оној во кој што викаме не се враќа сопственоста, ќе се дава надомест. Назначени се на огромен број на институции, кои што и денеска се темелни, а кои што во одредени временски услови објективно одиграле една позитивна улога. Меѓутоа, времињата се изменети и мислам дека не треба да бидеме робови и практично да должиме на овие предрасуди. Ќе укажам на примери од Тетово, ќе бидат многу интересни. Кино кое што било кино и

пред војната, кое што сега претставува коцкарница и кое што се изнајмува преку неколку раце и воопшто веќе ја има изгубено таа функција. Таквите објекти треба веднаш да се вратат на сопствениците. Користење на институции во општествени цели во услови кога постои можност за таква намена да се користат други простории. Исто од Тетово. Матична библиотека, приватна сопственост, која што и не е одземена како библиотека, за намена е библиотека и денеска е во функција на библиотека, а точно таков простор во Домот на културата во Тетово има друга намена. Не е воопшто депласирано да укажеме на вакви моменти, на вакви можности. Ако државата, ако актуелната власт не почне вака да размислува како да најде пренамена на објекти, кои што не се доволно искористени, тогаш сметам дека она обесштетувањето ќе биде најтешката работа за оваа осиромашена држава. Доколку успееме да вратиме максимум од она што е од- земено, па дури и по пат на замена и некаква компензација, ќе има шанси овој закон да профункционира.

Во овој контекст морам да укажам и на нешто веројатно на многумина не ќе им биде драго. Огромен простор кој што го користат таканаречените општествено - политички заедници, па и политички партии, кој што простор се издава под закуп, под кирија. Господо, ќе се присоберете во тој простор, во оној минимум простор кој што е потребен за работа, а другиот простор ќе биде издаден, пренаменет, затоа што сите во тој простор сме вградиле како граѓани, вклучувајќи ги и тие поранешни сопственици.

Прашањето на наследство во континуитет треба добро да се разбистри, затоа што ќе има многу случаи директниот наследник, кој што веќе не е во живите точно можеби поради овие причини ја напуштил оваа држава, а потоа неговите наследници, неговите потомци, практично, да бидат родени далеку од тука и поради низа причини да мораат да бидат

принудени да земат друго државјанство. Тука треба да се обмисли тој континуитет да биде во контекст на она што значи потесно семејство и она што значи право на наследство.

III/1.- СП-ВБ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Она што овие денови ја вознемири јавноста прашањето на становите, или станбениот фонд, се формира здружение и сл. Тука се манипулира со две бројки. Јас имам бројка дека се одземени 735 стана, а се барата дека станбено прашање треба да се решава за околу 2.800 семејства кои се вселени во овие станови. Значи, една огромна бројка од четири пати поголема (колеги ова е многу важен закон, витален закон)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Деловнички не е ограничено, може.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сметам дека треба да респектирате дека сепак јас на- стапувам сам во име на една граѓанска демократска партија, а вие имате можност 60,80,90,100% да искажете свои работи.

Се работи за една огромна диспропорција што, како што рече министерот може да доведе до многу проблеми. Прашањето е колку правно толку е хумано, толку и морално, по мене. Во што е моралноста на ова прашање. Моралноста е дека навистина овој дел од законот за денационализација ќе претставува најсериозниот проблем. Ако не се пријде комплексно на овој проблем, аналитички со реални можности можеме да ги имаме најголемите проблеми. Меѓутоа, имаме информации дека добар дел од овие станови наводните сегашни сопственици ги издаваат под кирија, не се тука или има други станови под друго име едноставно имаат викендички или друг значаен имот. Спрема тоа, мислам дека во постапката која следи ова прашање ќе мора многу поконкретно и подецидно да се разработува со тоа што мојот став е дека во сето ова предност мора да имаат поранешните сопственици кои се обесправени.

Што ни преостанува како пратеници? Апелирам да се сослушаме, да прифатиме контакти со сите граѓани без оглед дали некој ќе биде сега обесштетен или е некој обесштетен порано, сите тие аргументи убаво, трпеливо ги прифатиме, да размислиме, да користиме примери од своето потесно блиско и подалечно опкружување ако сакаме да имаме закон кој ќе биде навистина во функција на она што значи желба да се исправат тие неправди и јас уште повеќе би рекол дека се уште на овој закон ние не добивме укажувања од меѓународниот монетарен фонд и од меѓународните финансиски институции. Треба да очекуваме и такви притисоци затоа што, по мене, приватизацијата може да биде недоречена, нефинализирана ако не успееме овој процес да го отпочнеме затоа што ретко ќе има претпријатија кои се приватизираа а да нема потреба од практично било кој вид на надоместок на поранешните сопственици. Да бидеме среќни дека овој закон конечно дојде до овие собраниски клупи и нашиот придонес во конечната верзија да биде многу поголем отколку во сите до сега донесени закони во овој Парламент.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, јас немам право никого да прекинувам во дискусија- та, бидејќи деловнички не сме ограничени, но можам да ве замолам да бидете покуси во излагањето, во секој случај.

Има збор г-динот Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван потпретседател, почитуван министре, драги" колеги, самото отпочнување на овој сложен процес кој веројатно ќе потрае подолго време има особена важност сега од неколку аспекти.

Создавање на правна претпоставка за трансформација на општествената сопственост. Зошто? Затоа што знаеме дека овој имот

бил основа за создавање на оваа сопственост што ја имаме денеска одземена од приватни и физички лица чиј имот бил во приватна сопственост.

Второ, враќање на национализиран односно одземен имот од граѓаните со таканаречени присилни прописи од минатиот систем чиј имот бил во приватна сопственост.

Трета работа правично колку во овој момент може да биде правично и реално обесштетување на поранешните сопственици.

Особено важно по мене е да во вакви услови какви ги имаме денеска и можностите на Републиката за обесштетување бара уште повеќе внимание, сериозност и разбирање во водењето на оваа работа, а се со цел да се изнајдат колку е можно пореални решенија и за поранешните сопственици, меѓутоа, едно праведно решение за сегашните корисници. Многу е тешко со отпочнувањето на овој процес и во оваа фаза да се дадат целосни и точни податоци за вредноста на имотот кој треба да се врати или обесштети т.е. вкупните биланси за состојбата на тој имот потребни од паричен надоместок потребните средства од буџетот, меѓутоа, во натамошната разработка предлагачот ќе мора да располага со, барем почетни предвидувања за потребниот обем на средства, бидејќи тие понатаму ќе бидат во обврска на Републиката.

Сигурно нудењето на повеќе алтернативи по одредени прашања од Предлогот за донесување на овој закон од страна на предлагачот укажува на се уште нејасните определби по некои решенија.

По содржината на Предлогот целосно го поддржувам решението со кое не се предвидува право на надомест на обична штета или испуштена корист за поранешните сопственици, бидејќи тие имаат користено бенефиции од претходниот минат систем како што е бесплатното образование, здравствената заштита итн.

III/4.-

По мене е прифатливо решението со кое се предвидува за објектите кои се користат за вршење на дејности на државни органи како и за дејности од областа на здравството, образованието, воспитанието, социјалната заштита и културата и тоа за дејности кои се вршат како јавна служба за тој одземен имот да се плаќа надомест.

По барањето за денационализација по мене би требало надлежен орган да биде одредена јавна служба или агенција за денационализација додека стручно административните работи би ги вршело Министерството за финансии, поточно управата за имотно - правни работи.

Недореченост има и во делот кој го регулира прашањето околу определувањето ан вредноста на недвижноста, не е кажано кој ќе биде тој орган и кој би ја одредувал таа вредност.

Во водењето на овој процес посебно внимание треба да се обрне на заштитата на интересите на Републиката во процесот на денационализација и ефикасноста во тој правец од страна на органот кој е одреден во Предлогот - јавното правобранителство.

Има една дилема околу враќањето на недвижноста како време како рок дали од влегувањето во сила на овој закон или од правосилноста на одлуката за денационализација.

Една недореченост има и во делот кога земјоделското земјиште, шумите, шумското земјиште, пасиштата и утрините поради нивното местоположба не се во можност да се вратат на поранешниот сопственик, па се дава друго, меѓутоа, доколку во предлогот е утврдено, доколку со такво располага Републиката. Сметам дека е прифатлива алтернативата кога имотите не се враќаат во сопственост доколку претставуваат комплекси со површина од најмалку 20 хектари и веќе изградена инфраструктура и веќе се преземени некои инвестициони вложувања како што се трајните насади и објекти.

III/5.-

Посебно внимание привлекува прашањето околу враќањето на станбените згради и станови во сопственост на поранешните сопственици. Во Предлогот е регулирано тоа прашање со еден договорен закупнички однос меѓу поранешните сопственици и корисниците како и решение со кое се предлага Републиката да обезбеди државни станови за сегашните корисници, меѓутоа, тоа треба да биде составен дел на членот не како посебно и притоа да се види можноста да може тоа Републиката да го реализира. Лично мое размислување е како алтернатива овде да се предвиди можноста за откуп на тие станови од сегашните корисници, дилема дали по законот за продажба на општествените станови. Секако не, бидејќи сепак поранешните сопственици имаат право на враќање на тие станови, а евентуалното обесштетување би се движело кон плаќање меѓу пазарната вредност и вложувањата што ги имаат сегашните корисници.

Понатаму, мислам дека претпријатието кое вложило целосно или дел од недвижноста или други средства во друго претпријатие да биде една година пред влегувањето во сила на овој закон и барателот тогаш би имал право на поништување на правните дејствија.

Паричниот надомест кој треба да се плати во рок од една година од правосилноста на одлуката за денационализација поради неможноста сега да знаеме колку тоа би изнесувало поприфатлива ми е алтернативата тоа да биде процентуално 10% и можност за плаќање во рок од 4 годишни рати.

Посебна анализа би требало да се направи околу обврзниците како платежно средства. Зошто? Затоа што посебно за он88 обврзници кои стасуваат во целост на денот на плаќањето по намените од членот 39 затоа што тоа би значело можност тие за релативно краток временски рок бидат употребени, да не го чекаат рокот од две до 20 години или 10 години што би значело едно нарушување на планираниот приход по овие намени на Републиката за некои други свои цели или програми што ги

планирала претходно. Исто така за сопственикот на обврзниците кои немаат средства за живот да се поддржи решението да се изврши откуп на обврзниците од средства на Републиката на Републичкиот буџет.

Во постапката за денационализација мислам дека треба да се утврди точниот рок кога сегашните корисници органот или организацијата е должна да ја достави соодветната документација доколку барателот не може да ги приложи документите или актот за одземање, а тој се наоѓа кај сегашниот корисник, како и тоа дека рокот со кој надлежниот орган е должен да донесе решение за денационализација лично по мене е многу краток затоа што со донесувањето на законот веќе граѓаните се подготвуваат од околу поднесувањето на барањето.

Поради значењето на отпочнувањето на овој процес, на оваа постапка и по одредени забелешките што можат да бидат прифатени или не, јас го поддржувам предлогот за донесување на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван потпретседтеле, почитувани дами и господа пратеници, неспорна е уставната основа за донесување на овој закон и спаѓа во група на системски закони кој закон долго се очекува од граѓаните на Република Македонија, па можам да кажам дека граѓаните веќе изгубиле трпение. Но, овој предлог за донесување на закон за денационализација не ги исполнува ветувањата на Владата дека ќе донесе закон кој ќе ги исправи до сега сторените неправди од минатото, а најмногу од областа на имотното право.

III/7.-

Со Предлогот се прават доста маневри што час се предлагаат решенија во духот на Уставот, час се ограничуваат до таа мера што се рестриктивни. ВО таа смисла би спомнал државјанството што се врзува многу со Предлогот што се бара некое континуирано државјанство на Република Македонија и тоа од одземање на имот што логично не стои од причина што Република Македонија е самостојна држава во последните 5 години, а сукцесор е од бившата СФРЈ која имаше единствено државјанство на целата територија. Така граѓаните ќе се дискриминираат поради нивната неможност да го предвидат распаѓањето на Бивша Југославија. За остварување на овие права не може да биде ограничувачки фактор фактот изгубено државјанство, затоа што државјанството често е изгубено со неправда спрема тие граѓани кои биле прогонети поради нивните идеи и неслагања со тогашниот систем, а најмногу што биел против тие норми на национализација.

За оживотворување на овој закон провејува управна, извршна и судска постапка. СО ваква хибридна процедура секако не можат д се постигнат целите особено целите на законитоста, брзината и економичноста во постапката. Голем број на институти како владение, закуп, надоместок според правилата на експропријација па и доказите се судски затоа тргнувајќи до професионалноста на судовите сметам дека за спроведување на овој закон би било поцелисходно постапката да тече по правилата на вонпарнична постапка односно целосно во судска надлежност од причина што било какви комисии да се формираат и од било какви профили ќе биде импровизација на судење, а тоа нема да не доведе до минимална денационализација и воведување на приватна сопственост како основна економска категорија на развојот. И не само тоа, туку реално како резултат од една ваква денационализација како што се предвидува со Предлогот ќе имаме повеќе незадоволни граѓани

отколку задоволни односно ќе имаме повеќе обесправени граѓани отколку други кои ќе останат задоволни со резултатите на ваква законска определба.

Сметам дека ова чувствително прашање бара посериозен и пообјективен пристап. Имено, целото прашање треба да се постави така да во практиката имаме што е можно помалку граѓанска и сопственичка разлика. Тука особено внимание треба да се посвети на ефективната врска на граѓаните со Република Македонија како замена за државјанството. Потоа, активна улога на барателот и правилна постапка. Тогаш верувам ќе ги задоволиме основните критериуми за денационализација која никаде не е идеална.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Паунов.

IV/1.- РД/ЉР

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Г-одине претседателе, дами и господа, денеска е на дневен ред донесување на Законот за денационализација, всушност враќањето на имотот на граѓаните што е одзен на некој начин без правно во изминатите 50 години, може би тој рок нешто е и пократок. Сигурно дека со овој закон ќе имаме проблеми и дискусии како да се реализира за еден период од 50 години, а да се врати за 1 година или 2 сигурно ќе има тешкотии, меѓутоа, сепак јас мислам до задоволство денеска го примат овој Закон и за тој закон ќе гласам без разлика дали моите желби и моите предлози ќе бидат вградени и прифатени во Законот за денационализација. Законот з денационализација е добро изработен но сепак има некои недостатоци што би требало да се доградат, да се внесат во Законот за денационализација што побрзо и поефикасно да се спроведе Законот во живо. Кога се за спроведувањето на законот мислам дека е потребно исклучиво Министерството за финансии, имотно - правната служба да ги решава проблемите кој биле во надлежност одземање беззакониот, односно без судска одлука. Додека, како што кажа министерот, за другите предмети што се одземени со судска одлука исклучиво на судот, сигурно по овие предмети ќе има и забедено управен спор, ќе има и судски проблеми. Како што е создавана општествената и државната имовина после ослободувањето, мислам од 1944 година, па наваму постепено по пат на конфискација на имотот правно и без правно што им е одземен, тука се специфични тие усилби како и на кој начин да се вратат, колкав е тој имот и какво ќе биде докажувањето на имотот. Ист е случајот со национализацијата, експропријацијата, арондцијата и комасацијата, со аграрната реформа земјишниот фонд, создавањето на организации СРЗ, односно селски работни задруги, па им е на граѓаните одземен целиот имот, а потоа не им е вратен 1953 година со распаѓањето на задругите, се поминати некои во земјоделски задруги,

така да посебно има проблеми со расчистувањето на овој имот. Одземањето на имотот се состои во фабрики, фабриките, машините, во уредите во инсталациите, во тие фабрики како сега на тој начин, тоа не е што било сега 1944 година сега на тоа место е друго изградено, колкава е таа вредност, кој ќе ја утврди вредноста,колку е цената на чинењето и како ќе се донесе во сегашна состојба ваквата цена. Исто така згради, деловни простори, станови, земја, ниви, шуми, ливади, пасишта, истовремено на некој начин е изменето одводнето, наводнето, изградено, доградено пошумено, така да утврдувањето на правичната цена на тој имот сведен на денешни услови ќе биде отежнато. Но сепак враќањето на шумите, на земјата, на пасиштата е многу полесно од оној имот кој е за сега невидлив. Докажувањето изминало толку години на некој начин се изгорени документите од окупаторот, тапии и други докази и документи што биле се уништени во тој период. Решенија за одземениот имот ги нема, не се дадени и други докази и материјали, граѓаните ги немаат. Така да, јас би сфатил од мојата дискусија, меѓутоа, предлагам Законот да биде даден во две фази а прочистениот текст од денешната дискусија и Законот кој што е да се даде во едно од информативните средства, би рекол во Нова Македонија да можат граѓаните да бидат запознаени да можеме да извршиме консултации, разговори со нив и сепак овој закон да биде донесен најправично како и на кој начин би се вратил имотот на граѓаните на кој им е бесправно одземен во тој период. Исто така би рекол дека обезбедувањето на средства ќе биде прилично отежнато, но сметам дека овој имот изнесува од 5 до 8% од целокупниот имот кој го имаме како општествен,како државен кој го имаме, значи би требало на некој начин РМ да изнајде патишта и решенија да се обезбеди враќање прво каде што е можно, како што стои во законот.

Второ, каде што не е можно да се плати но приближно по денешна цена, да се процени со амортизација, без амортизација, и да биде сепак правична надокнада на граѓаните. Со тоа не мислам дека ќе го вратиме изгубениот добит на граѓаните и се што е направено во овие години меѓутоа сепак едно враќање стои, една рехабилитација на граѓаните што имаме правна држава која се грижи за граѓаните за што побрзо враќање на тој имот.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван потпретседаеле,дами и господа пратеници,

Со оглед на голем број пријавени дискутанти ќе бидам кратен и концизен во интерес на експедитивноста на седницата. Имено, пред нас е прелиминарниот текст на предлог за донесување на закон за денационализација, извонредно важен проект чие што основна цел ќе биде во најдобра можна мера да ги исправи неправдите према одреден број граѓани чии што имот бил одземен со присилни средства, без никаква или симболична надокнада, се со цел создавање на државна,а подоцна општествена сопственост, како еден од фундаментите на една идеологија, кое што веројатно е минато, меѓутоа, за чии последици расправаме денеска, а веројатно и во иднина. Притоа, колеги пратеници, сакале или не се изложуваме на една опасност обидувајќи се да ги елиминираме овие неправди према некогашните сопственици, да репродуцираме нови неправди на сегашните сопственици. Токму поради тоа при изработката на овој проект, потребен е наш активен и сериозен пристап за да во најдобра можна мера ги отстраниме неправдите према некогашните сопственици, а и евентуалните нови неправди да ги сведиме на минимум. Далеку од помислата дека може да се изгради идеален закон, мислам дека сме способни и како влада и како Парламент да донесеме квалитетен закон за денационализација иако

лично сметам дека доцниме со донесувањето на еден ваков закон и дека веројатно ќе беше подобро овој закон да претходеше на проектот за трансформација на општествената сопственост во други облици на сопственост, пред се на приватната, јас ја поздравувам ова иницијатива на Владата да се донесе еден ваков закон се со цел да се комплетира процесот на трансформација.

Иако постојат размислувања дека овој закон треба да се донесе во неколку фази, јас сум за тоа, меѓутоа, има некои размислувања тие да бидат по скратени рокови, јас не би се согласил со тоа, со оглед на тоа дека при евентуално брзаше вбројано ќе има реперкусии врз квалитетот на овој закон, дотолку повеќе што Законот треба да постигне баланс помеѓу интересите на некогашните сопственици и интересите на сегашните сопственици и можностите на државата. За да се постигне наведеното, неопходни се по мое размислување да се има неколку сознанија.

Прво, колкава е глобалната вредност на имотот што е предмет на денационализација, дотолку повеќе што попрецизни проценки не се можн , без комплетен увид во не само поважните прописи со кои е одземен имотот, туку и оној дел од имотот што е одземен со разни подзаконски акти и други правни дејствија. Мислам дека сегашниот текст не располага со такви глобални показатели.

Второ, колкав е обемот на имотот што може да се врати онака како што е одземен, имот кој не може да биде вратен заради тоа што истиот е во состав на земјоделско шумски и други блокови како и деловни објекти и деловни простории во сопственост на државата, а истите издадени под наем од страна на јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на одредени претпријатија, граѓани и слично. И вакви

IV/5.-

проценки не фигурираат во прелиминарниот текст.

Трето, во колкава мера назначените извори на средства за плаќање надомест се доволни да ги надминат реалните вреднувања дали во тој контекст назначените рокови во прелиминарниот текст не се прекратки. Сегашните економски состојби не гарантираат дека тие изводи се доволни да ги надминат тие вреднувања.

Четврто, дали периодот од 2.08.1944 година до 15.02.1968 година е најсречно избран, дотолку повеќе што и по тој период и покрај постоење на закон за измена и дополнување на Законот за експропријација не бил даван правилен и реален надомест да одземениот имот, пореално и по правилно би било тој период да е 1990 година кога тие присилни прописи се ставени во сила.

Петто, и покрај специфичноста на материјата сметам дека имотот на верските заедници, Македонската православна црква, Исламската заедница и Католичката црква треба да бидат опфатени од овој закон, со оглед на тоа што со слични прописи бил одземен и тој имот.

Понатаму да се испита можноста да се овозможи соодветна надокнада за бесправно одземениот имот на извесен број иселеници и во тој колку е правно основан терминот континуирано државјанство. Или тоа да се обиде со меѓудржавен договор да се направи.

Седмо, дали варијантата за формирање на комисија за денационализација во рамките на Министерството за финансии или алтернативата за формирање на комисија од страна на министерот е доволно да ги опфати сите аспекти од овој проект, дотолку повеќе што истиот задира во сферата на повеќе министерства и бара стручњаци од најразлични профили.

IV/6.-

Лично сметам дека формирање на агенција или нешто слично од стручњаци од најразлични профили подобро би одговарале на поставените цели на законот.

Осмо, дали е реално проценката од 2.800 ставови подложени за денационализација и дали во сегашните услови државата е моќна да ги реализира алтернативите од членот 24 со кој државата зема обврска на корисниците на тие станови да им го реши станбеното прашање, дотолку повеќе што тие граѓани имаат добиено решение за станарско право на истите. Веројатно овде ќе биде најголемиот проблем и ќе мора да се бараат други алтернативни решенија.

Деветто, дали роковите за постапка за денационализација не се прекратки, има ли потреба за временско ограничување н а постапката за денационализација што се поведува по службена должност на иницијатива на Агенцијата на РМ за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и не е ли преамбициозно рокот од 6 месеци до 1 година за донесување на решенија за денационализација од страна на надлежниот орган. Сметам дека е реално со оглед на компетентноста на проектите тие рокови да се подолги. Мислам дека времето што ни следува и наредните фази на изработката на Законот ќе ги земе предвид предлозите, мислењата и сугестиите, не само од комисиските расправи, туку и од оваа парламентарна дебата и дека предлагачот ќе изготви Нацрт на закон за денационализација кој во полна мера ќе ги исполни основните начела, поради кои истиот се донесува , а пред се, најважното негово начело правичност. И најпосле уште едно размислување, сметам дека во предлогот на законот треба да се воведат одредени одредби кои што практичната реализација на законот ќе ја одредува да се одвива етапно. Зошто тоа го велам? Со оглед на тоа дека е огромна вредноста на имотот што по било кој основ бил присилно одземен, понатаму што ќе

бидат инволвирани огромен број на граѓани и што реалните можности на државата не се такви за да може во пакет да го реши проблемот, во спротивно, како што рече министерот, може Македонија да е претвори во огромна судница со две можни последици: или продуцирање на нови неправди, или прекинување на процесот на денационализација. И едното и другото не го сака и оваа Влада и овој Парламент, а најмалку граѓаните.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Денеска бидејќи е во прва фаза Законот за денационализација има сигурно многу забелешки, предлози, јас би бил краток и би нотирал некој генерални забелешки. Излагањето на почитуваниот министер беше малку збунувачко со тоа што со никакви аргументи не не убеди дали процесот требаше да биде во обратен ред. Прво, да беше Законот за денационализација, па Законот за приватизација, односно дали требаше да оди прво законот за денационализација, со сите нус појави или Законот за приватизација кој направи нови нус појави. Што сакав да кажам. Станува збор во процесот за приватизација е забрзана постапката. Во процесот за денационализација, еден добар дел од дискутантите кажуваат дека треба да се разводни ова, да се оди во бескрајно. Дали тоа го мислат обесштетените граѓани, тоа е друга работа.

Искуствата во светот кажуваат, а ќе видиме и ние за неколку години, дека Законот за приватизација кој оди во многу брза постапка ќе направи многу лоши ефекти во политиката и во државата. Тоа ќе го оставиме за еден период за две години натаму ќе ги видиме резултатите.

Бидејќи самиот закон за приватизација со законот за денационализација се коси, за што станува збор? Оние објекти кои влегоа во Законот за приватизација, сега добиваат друг третман и се обезвреднети со Законот за денационализација, така да, одат по друга постапка. Кога станува збор за забелешките по самиот текст имам повеќе забелешки. Во член 47 став 1 владата треба да најде механизми и да најде механизам да се задолжат сите министерства за да можат да се повикаат сите корисници , односно сите обесштетени граѓани. Она што во Законот не стои обесштетувањето или надоместок на граѓаните на кој им е одземен имотот и другите работи во период од 50 години, не стои дека ќе се прави некоја надокнада. Она што при самото излагање го спомна почитуваниот министер беше малку збунувачко, тој спомна некоја декларација која е на предлог на Либералната партија имено не станува збор за некоја декларација, имено станува збор за декларација на луѓето на кој им е направена историска неправда во еден друг систем каде партијата судеше во името на народот. Мислам дека министерот треба да направи разлика дека парите не се се во живото, туку некогаш и честа на граѓаните е битна. Она што би бил мој предлог да се вгради во текстот е тоа дека има многу алтернативи. Би било добро да постојат многу алтернативи, но се губи контекстот и би било добро да се направи еден нов паралелен прочистен текст за да можат партиите да прават некоја паралела.

V/1.-JJ/OM

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ :** (Продолжение)

Хендикеп во законот е тоа што никаде не е кажано колку ова ќе ја чини државата. Никаде не се оперира со бројки, а во игра се многу многу големи бројки. Задолжение треба да добие Министерството, да изготви една елаборација за во вториот дел на законот каде што ќе имаме операционализирано колку бројки и колку ќе ја чини оваа држава. Она што провејува во текстот во членот 11, дали ќе биде комисија при министерството или да добие третман на агенција, мислам дека би била агенција, бидејќи загрижува и збунува тоа што го потенцираше министерот во самото излагаше дека ова треба да биде, не да се отвори судски процес, да се прави некој , секој против секого и секој да ја тужи државата. Не се согласувам јас со ова со министерот. Секој треба да ја тужи државата, и државата треба да врати од секого што земала, а не по лично убедување на Владата или лично на министерот, тие да одредуваат на кого ќе се враќа и на кого нема да му се враќа. Што се случува, доаѓаме до еден парадокс, значи ние ќе влегуваме со закон за денационализација или ќе влегувам со закон за тивка национализација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани пратеници, сакам да искористам прилика некои работи накратко да ги изнесам и некои при- лог во смисла на тоа како би можеле овој закон да го доведеме до крај и на некој начин да можеме да го оствариме.

V/2.-

Мислам дека појдовна основ ана законот за кој има некоја интонација во нашите дискусии, која по моја оцена, малку се интонирани со различни бои, велам делумно, па би сакал да го изнесам следниов став. Сите ние треба да бидеме среќни што и припаѓаме сега на оваа гарнитура на водството на државата која што треба да стави вон сила еден процес на обесправеност на еден дел на граѓани, сопственици на одделни имоти во смисла на индустрија, земјиште и друг имот. И во таа смисла ние треба да направиме се тој процес што по- брзо и поефикасно го завршиме во корист, пред се, на оштетените во тоа време, но водејќи сметка дека тоа не е само нивен интерес туку и јавен и државен интерес, бидејќи тоа станува основа;;на системот.

Од друга страна, мислам дека ние имаме право, морално, да инсистираме на тоа да ниту законот ниту барателите, оштетени во она време, да не ја стават оваа држава сега, во оваа конституција пред оптуженичка клупа дека таа го има правено тоа зло дело, па според тоа ги сноси последиците, не само за чинот за бесправно одземање тогаш, не бесправно туку неправедно, туку и за целиот процес на настанатите штети, психички и други тегоби што ги имале сопствениците. Зашто, на тоа ние немаме право да пристанеме, а и тие немаат право тоа да го бараат, затоа што тоа беше една ситуација, во еден виор на светски - историски процес во кој што не беше прашана ни една голема Полска, ниту една голема Русија, ниту една голема Кина, а камоли можеше ли на тој процес да му се спротивстави едно делче од бивша Југославија, која денеска е самостојна држава република Македонија. Ова не случајно и не свесно го истакнувам затоа што одделни поединци во разните сега формирани здруженија божем за обесправување на оние, обесправените, сакаат на еден начин да ја сатинизираат оваа држава и

оваа структура на државната власт како носител на сета вина од обесправувањето, да кажеме од 1944 година до денеска. Таа теза, ние не смееме да ја правиме, ниту со нашите дискусии и овде што ги изнесуваме по ова проблематика, не смееме да ја товариме оваа држава и оваа институционална организација на власта, во овој момент и воопшто општеството како такво сега, со таков товар, зашто сето после тоа ќе ни остане една долготрајна траума и сами ние не ќе можеме да се справиме. И уште еднаш да повторам наша е голема среќа што и припаѓаме на онаа група на луѓе во моментов што треба да ги исправиме овие криви дрини што еден голем виор толку голем светско - историски, ги носеше во тоа време.

Како второ, сакам да кажам дека во начелата на законот и токму во начелата на кој законот се засновува покрај интересите на самите сопственици што се во пет алинеи напишани, јас би го истакнал и јавниот интерес. Еве зошто? Прво затоа што реков дека јавен е интерес да се врати имотот и да се обесштетат оштетените, а не само приватниот интерес на поединци. И второ и затоа што тој имот на сопствениците во многу нешта е инкорпориран сега со јавниот интерес. Ве молам, сите организации и претпријатија , производни што биле, такви биле и колкави биле, воглавно како работилници, тие сега прераснале во гиганти и тој приватен дел на имотот е инволвиран во голем јавен имот. Тој јавен имот, сега, во овој момент може да биде веќе и приватизиран, али и во тој процес тој веќе е дел од тој сега создаден имот кој што е толку окрутнет, а тој останал во еден многу мал дел. Значи и затоа законот треба да го потенцира и јавниот интерес во остварувањето на денационализацијата.

Второ прашање, министерот не е тука сакав и да го прашам нешто. Со овие два битни закони, оној за приватизација односно за

трансформација, а делумно и оној за становите, за приватизација на општествените станови, а и со овој, треба да се постави прашање зашто држава Македонија е дефинирана и како социјална држава. Социјална држава дали може без јавен имот, да ги штити социјалните интереси, не во смисла на социјала, на брза помош, туку во смисла на социјален ред и поредок. Ако ништо не оставиме од производствени капацитети како јавен дел ан државата со која може на хаосот на па- зарот што често пати тоа го предизвикува, а тоа го прават сите капиталистички земји, да може да интервенира со својата материјална база. Може ли таа да го држи редот на пазарот.

Второ, да се елиминира државата од секаков фонд, станбен фонд за определени државни потреби и т.н., сакав да кажам дека при целокупниот процес на севкупната приватизација мора да се води сметка дека социјалната држава мора да располага и со определен јавен имот од сите сфери за да може на време да ги задоволува социјалните и државните интереси.

Трето, кога се работи за тоа дали ќе се плаќа имотот односно ќе се компензира, у тој случај треба да се заземе некој принцип. Јас мислам дека тоа е лесно ако се појде од тоа, да се види кој капитал сега во тој дел одземен, сега преовладува. Ако преовладува оној капитал кој што веќе ја надминал висината и сумата на она што вреди , одземениот капитал, тогаш тој се компензира според одредени критериуми според праведната вредност. Еве да земеме пазарни вредности, денешни. Или,градежниот простор, каде што се изградени јавни и други објекти и т.н. Така да треба да се земе еден принцип. Јас се залагам за тоа законот да изгради принципи на кои основи ќе почне таа денационализација.

V/5.-

Со оглед на тоа што рековме да бидеме по кратки еве сега сосема накратко, во делот за историски споменици треба да се тргне од принципот дека историски споменик не мора секој пат да биде и јавен објект. Може да биде и приватен објект, ако тоа порано било приватна сопственост, а да се управува со него согласно законот за заштита на државните споменици. Мора да се навикне општеството дека под одредени правила сите ќе се однесуваат, не зависно од тоа во чија сопственост е одредено нешто односно објект ако е тоа од општествен интерес односно од јавен интерес.

И да кажам ова околу решавањето на станбените прашања на оние штос е наоѓаат во приватни куќи. Мислам дека е праведно да им се вратат куќите на поранешните сопственици со ревалоризација која што настанала меѓувреме или вложувањата што ги имаат граѓаните, меѓутоа тука треба да се има предвид и другиот принцип. На граѓаните кои што седат во такви приватни куки да им се реши станбеното прашање врз база на веќе стекнато станарско право, Не може за сите граѓани да важи станарско право се додека не ги решија односно не ги приватизираа општествените станови, а само за овие тоа право да не важи. Па според тоа, сега бившите сопственици ако имале општествен стан, веќе го купиле врз основа на станарското право, сега станот односно куќата ќе ја земат истерувајќи ги овие, и овие ќе останат без станарско право. Мислам дека тоа би била една тешка неправда нанесена на оние за да правиме некаква правда спрема другите. Јас сум за двете правди напоредно. И на нив ако им е до тоа, значи да ја земат куќата, али и на овие да им се компензира, поаѓајќи од принципот дека имаат стекнато станарско право.

И да завршам со тоа, веројатно Министерството до крајот на втората фаза од законот ќе ни даде и поблиски информации, оти многу често се барат колку од прилика барем апроксимативно ќе не чини ова на

некој начин за да имаме и одредена ориентација околу тоа, како и околу тоа да размислиме подлабоко за континуирано државјанство, бидејќи и бевме во сложена држава со државјанство со кое што настануваат промени и заради тоа што имаме граѓани кои што се дефакто наши граѓани, биле наши граѓани, а едни дефакто се, меѓутоа резидентно моментално не се наоѓаат во Републиката.

Има збор Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитувани пратеници ќе се концентрирам повеќе во корелација помеѓу основните начела содржани во законот и нормативниот дел. Нема долго и многу да се впуштам во содржинскиот дел бидејќи сметам дека тоа ќе биде шума на која веројатно и ќе важат законите за шумата, меѓутоа јас ќе се сложам со некои од претходните дискутанти кои кажаа дека секако немаме идеал на денационализација. Процесот на денационализацијата сметам дека е мошне комплицирано и чувствително прашање и тоа не само од правен аспект, економски аспект, политички аспект дури и морален аспект може да се каже и социјален аспект, бидејќи како што чувме за голем број ан семејства ќе биде проблем станбеното прашање.

Со оглед на тоа што се работи за комплицирано прашање не верувам дека ќе се задоволат определбите што се предвидуваат во основните начела во Предлогот за донесување на закон. А тие начела беа, првенствено се работи за начело на правичност, начело за заштита на имотните права на граѓаните, начело за давање праведен надоместок аз одземениот имот. Токму затоа сметам дека треба да се потенцираат следниве прашања:

Прво, сметам дека е контрадикторна определбата од основните начела во предлогот со реалноста на ограничување на правата на сопственост на земјоделското и градежното земјиште, кое веќе со Законот за приватизација има елементи на приватна сопственост, макар и привремено, и сега ќе дојдеме во апсурдна ситуација кога на некому ќе му се врати имотот, меѓутоа ќе му се ограничуваат правата што произлегуваат од сопственоста. Сметам дека таквото нешто е спротивно на Уставот на Република Македонија, а и на начелата на кои се повикува Предлогот за донесување на закон.

Второ од Предлогот за донесување на законот не произлегува јасно односно не е јасно дефинирана улогата на сопственикот, бившиот сопственик или наследникот кој што во предлогот се именува како барател, дали тој е во позиција да избира меѓу повеќе алтернативи односно враќање на имотот, замена, земање пари, земање обврзници или нему ќе му се наметне едно од таквите решенија.

Ако внимателно се прочита предлогот јас сметам дека барателот е во пасивна улога и ако се работи за сопственик каде фактички тој треба да ги ужива сите права што произлегуваат од сопственоста. И тука со право се поставува прашањето дали тоа е во согласност со основните начела и Уставот на Република Македонија иако велам дека објективната состојба можеби ќе детерминира такво нешто, меѓутоа реков дека ќе кажам од правен аспект тоа мора да се искристализира во основните начела и нормативниот дел.

Трето, помеѓу две концепциски алтернативи за денационализација односно тотално враќање односно реституција и второто тоа да се воспостави врз објективните околности и услови и што е неминовно, сметам дека оправдано се оди на ова и изгледа оправдано се отишло до

тоа да се изнајде еден одреден баланс помеѓу можностите на државната компензирано, барањата на сопствениците и трето реалната состојба во врска со објектите, земјиштето и т.н.

Четврто, сметам дека сепак ние имаме една граѓанска нерамноправност иако тоа е неминовно. Зошто? Затоа што на некои едноставно ќе им се овозможи враќаше, а на некому ќе му се овозможи надоместок со определен процент, некои ќе добијат обврзници, некои замени и т.н., и фактички ние ќе имаме состојба каде што некој ќе биде поголем сопственик од другите, а можеби и едните и другите имаат еднакви услови. Јас се сложувам дека тоа под нееднакви услови е разбирливо, меѓутоа сметам дека под еднакви услови имаме сепак разлика, помеѓу сопствениците.

Петто, исто така треба да се објасни едно стручно, според мене, прашање, за недвижноста чија вредност после одземањето се зголемува или се намалува преку 50% или преку една половина, алтернативно една третина и при тоа се даваат можните алтернативи што треба да се стори. Тогаш ќе се направи тоа што ќе се плаќа разликата со зголемување или намалување, зависно за која странка се работи или за државата. И второ по можност ќе се воспоставува првобитната вредност и трето ќе се заменува со друга недвижност и четврто ќе се плаќа праведен надоместок. И овде произлегуваат, според мене, два проблема и тоа, што ќе се прави во состојби кога недвижноста е зголемена не за половина туку од 1% до 41%. Ова се премолчува, односно од 1 до 32% ако се о^и на алтернативата една третина.

И второто прашање ако се плаќа разликата за зголемувањето и другите обврски спрема државата зашто никаде не постои како ќе се постапи со прашањето на изгубената добивка на бившиот сопственик.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:** (Продолжение)

Шесто, како треба прашањата да се решаваат. Во управна постапка или во судска постапка.

По логиката на работите сметам дека прашањето треба да се решава во судска постапка. Зошто? Затоа што државата во повеќе случаи е странка и не може сега странката да решава за другата странка, затоа што тоа ќе личи на"кадијата те тужи, кадијата те суди". Сметам дека тука мора да имаме селективен пристап и повеќе од прашањата треба да се решаваат во судска постапка, секако во една многу поедноставна форма.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, расправата за донесување на Законот за враќање на одземените имоти на граѓаните ја започнавме на еден голем верски празник на нашата Република. Денес е Митровден и користам прилика на сите земјоделци од нашава држава да им го честитам овој голем празник со желба Митровден да ни донесе убаво време, да ја продолжиме сеидбата што прекина и што побрзо да се донесе овој закон.

Предлогот на Владата на РМ за донесување на закон за денационализација, односно за враќање на одземените имоти на граѓаните за потребите на државата и нејзините слабо имотни граѓани, селани, претставува најзначаен чин од рушењето на стариот систем и поставувањето на темелите на новиот систем. Со овој закон Владата и нашиот Парламент преземаат голема одговорност во градењето на иднината на слободниот дел на Македонија. Со него како така треба да се исправат сите неправди што на некои граѓани им ги нанесе државата

во областа на имотното право и на нив или нивните наследници во името на правната држава што побрзо да им ги врати, се она што беше земено за социјализмот. И, што е најзначајно, со донесувањето на законот за денационализација, како што рече министерот Миљовски, овој Парламент ќе му се извини на граѓаните, на кои заради тоа што не одеа во стројот на идеологијата на социјализмот беа прогонувани, и казнувани со конфискација на нивните имоти. Станува збор за селаните кои што не ги почитуваа уредбите за тие проклети откупи во 1946, 1947 година и беа на чело на селанските групи за растурање на селанските работни групи во далечната 1953 год. Овие селани во 1953 год. се фрлани во зандани и им се одземени сите имоти.

На овој план при исправката на големите неправди на сопствениците чии имоти на најдоа на ударот на Законот за аграрна реформа, на Законот за аграрниот максимум, на Законот за одземање на сите добиточни стада, колективизацијата, експропријацијата, арондацијата и на крајот селанските работнички задруги мора да му се посвети посебно внимание, меѓутоа како што рече и еден до претходните пратеници овој закон сега не треба да биде закон за нова национализација, односно закон со кој што ќе бидат направени нови неправди спрема оние на кои што со разни закони им е даден овој одземен имот. Сметам дека грешките од далечната 1945 година наваму не треба да се повторат. Државата мала и сиромашна сигурно има сопствен имот со кој безболно ќе ги реши проблемите што ќе настанат со враќањето на земјата, становите, дуќаните, капиталот и стадата добиток што беа одземени на нашиот народ. Пак би повторил, законот за денационализација за нив не треба да биде закон за национализација и нивно страдање.

Денес, господо пратеници и министри, по половина век од акцијата за изградба на бившиот социјализам со одземање на приватните имоти и рушење на сето производство што во тоа време "имало капиталистички елементи" по половина век по големите трауми и скршени перспективи, страдања и плаќања на бројните граѓани и селани на кои во интерес на државата му беше одземен имотот и даден на други сопственици, или комбинати и задруги на нас пратениците од овој Парламент, што не избра народот ни падна историска одлука за да донесеме закон со кој овие граѓани ќе можат да си го вратат назад се она што му беше земено во социјализмот, а на граѓаните на кои му беше доделен предметниот имот му го гарантира стекнатото право на сопственост. Секоја нова грешка на овој план може скапо да ја чини нашата кревка независност и самостојност.

Како пратеник на селаните од 60-тина битолски села во чиј средини сите овие закони донесоа големи неправди, како и законот за селанските работни задруги и некои села веќе не постојат јас својата дискусија на овој план ќе ја насочам кон враќање на имотите на селаните. За другиот дел од овој закон, односно за враќање на куќите и дуќаните, земјиштето и капиталот сигурно поголемо внимание ќе му посветат таканаречените градски пратеници во овој Парламент.

Во векот што си оди никогаш повеќе да не се врати македонските селани минаа низ многу премрежија и страданија. Во разговорите на овие теми за најтешки се сметаат годините во кои му се одземаше земјата и добитокот на селаните, годините на колективизацијата, годините на присилните арондации и експропријации на нивните имоти и

секако разурнувањето на утрините и пасиштата останаа на големите задруги и големите комбинати во нашава држава. Инаку, аграрната реформа во Македонија е извршена во 19 45 година и под ударот на Законот за оваа реформа се најдоа илјадници селани. Нас нив со овој закон и познатите пароли "земјата на селаните, фабриките на работниците", "долу кулаците", му се одземени илјадници хектари ораници и шуми. Во предлог законот за донесување на закон за денационализација се вели дека станува збор за над 75 илјади хектари ораници. Колку е точен овој податок ќе каже времето, а бившите раководители на државата, тие што учествуваа во спроведувањето на сите овие закони се фалеа дека со неа се одземени и доделени над 100 илјади хектари обработлива површина и нешто друго. Тие се фалеа и се китеа со успех дека одземањето и доделувањето на овие стотина илјади хектари се извршени само во рок од 1 година. Меѓутоа, ние и по 5 години од прогласувањето на самостојноста на државата се уште не можеме да донесеме закон за враќање на овие имоти на нивните сопственици. Законот мора брзо да се донесе затоа што може да се случи старите сопственици имотот да си го враќаат онака како што им беше одземен. Преку ноќи со сила. Сметам дека до вакви шокови сепак нема да се дојде зашто оштетените граѓани се организирани во свое здружение и тоа нема да дозволи насилствата што беа од 1945-1950 година да се повторат на овие простори.

Инаку, во првите тези на законот за денационализација не се понудени решенија за тоа како ќе им се враќа оваа земја на поранешните сопственици. Ќе им се одзема на тие што ја добија и стекнаа право на сопственост. Нема да им се одзема, туку на нејзините поранешни сопственици ќе им се доделуваат соодветни површини, таканаречена

државна земја, или пак државата ќе земе обврска да ја плати на тие на кои што им беше одземена 19 45 год. Ќе има ли државата моќ да плати 4-5 милијарди германски марки ваков надоместок во услови кога пред нејзината празна каса чека враќање на долгови за странство и враќање на заробените штедни влогови. Штедните влогови не се национализирани но треба да го добијат третманот на национализирани имоти.

Почитувани пратеници, како што е познато по 8 години од спроведувањето на аграрната реформа во нашава држава, што на некој му донесе среќа и богатство, велат среќа и богатство, бидејќи во тоа време имаше голем криминал на тој план, имаше голем криминал со делење на многу земја од таканаречениот аграрен фонд, а на оние на кои им беше одземен имотот реформата му ги скрши сите перспективи. 1953 год. се случи нова неправда со земјоделските имоти на селаните. Овој пат со познатиот закон за аграрниот максимум. На сите земјоделци што имаат над 10 ха. земја му беше одземен вишокот на земја. Со овој закон не смееше никој земјоделец да има повеќе зема од 10 ха. Предлагачот на законот за денационализација тврди дека со помош на законот аз аграрниот максимум за потребите на државата од селаните се одземени некаде околу 12 иљадри хектари земја. Белки да е така, меѓутоа сметам дека е многу повеќе. Инаку, сета одземена приватна земја со Законот за аграрниот максимум му е дадена на трајна сопственост на нашите задруги и комбинати и стопанства. Да се потсетиме.

За одземената земја со аграрната реформа беше покуден надоместок во висина од едногодишен принос на земјата, а за земјата што е одземена со аграрниот максимум овој надоместок изнесуваше од

300 денари во тоа време, стари динари за највисоката класа до 1.00 денари за најубавата земја. Меѓутоа, заради нискиот симболичен и срамен надоместок никој од селаните ниту го прими, па ниту сакаше да го добие овој надоместок.

Со законот за аграрниот максимум, како што е познато креаторите на социјализмот по аграрната реформа и другите закони како што беше законот за одземање на добитокот и непокретниот имот, потоа колективизацијата се смета дека постигна три големи цели во тоа време.

Прво, го разбија стравот од јакнењето на капиталистичките елементи во аграрот.

Второ, ги ограничија иницијативите на селаните за вложување во земјоделството и ги натераа да одат по работа во градот или во туѓина, и

Трето, со влегување на земјата во државен, во така- наречени државни народни раце се стопира можноста за експлоатација на сиромашните селани од страна на другите селани кои што имаа повеќе од 10 ха. земја.

Сета земја што од селаните беше одземена заради овие цели и доделена на задругите и комбинатите мора да му се врати на поранешните сопственици. Предлогот на Владата за да не се враќа оваа земја ако е влезена во задружни или во комбинатски комплекси, што се простираат на површини поголеми од 20 ха. не го прифаќам. Господо пратеници, овие комплекси се создавани со грабање на декар по декар приватна земја и така треба да им се вратат на нивните сопственици. Нашите државни комбинати и задруги, како што ни е познато денес

располагаат со околу 148 илјади хектари обработлива површина и уште држат толку пасишта и шуми. Сега, ако со законот за денационализација му се вратат на селаните одземените 20 илјади ха. површина земја тие нема ни да се осиромашат ни да ги нарушат своите производни целини, па ниту државата заради сето ова ќе остане гладна. Друго е прашањето ако државата не верува во моќта на приватните земјоделци за производство на храна и сега кога треба на нив да му го врати тоа што му го зеде, сака да избега од таа нејзина обврска. Сака во нејзиниот имот што на овој или оној начин го грабна од селаните никој да не им цепка. Оваа земја мора да им се врати на селаните и господо министри и вие кон нив мора да гледате со поинакви очи. Вие добро знаете што се дале македонскиот селанец за формирањето на македонската држава од Илинден до денес. Мислам дека не треба да се повторува вистината дека ако не беа селаните, ако не беа нивните амбари, фурни и добиток којзнае што ќе беше со Македонија во времето до 1941-1945 година, а и сега кога се гради нејзината самостојност. Токму затоа, не се плашете од пропаѓање на аграрот ако на селаните им ги вратиме нивните одземени имоти за идеите на социјализмот. Секоја мрдање од оваа обврска за денационализација според мене значи и бегање од престојаната приватизација во аграрот. Вие добро знаете дека во приватизацијата покрај многуте граѓани не учествуваат и околу 300 илјади земјоделци. Тие не само што нема што да приватизираат, туку и нивниот имот што му го одзела државата сега не можат да си го вратат назад и со него ќе владее сигурно во скоро време беговите што се раѓаат со самата приватизација. Ако е така, во подготовките на законот за денационализација не треба да има никакви алтернативи и дилеми за враќање на земјата што на селаните им беше одземена со законот за

аграрниот максимум. Нашите кооперанти и задруги и требаат на државата, меѓутоа и требаат и приватните земјоделци. Сметам дека дојде време и на комбинатите и на земјоделците да се гледа со исто око. Големи неправди во овој век на нашите селани се направени со законите за арондација и експропријација со кои најлесно се одземаше земјата за создавање на големите задруги и комбинати, односно за идеалите на бившиот систем, цело поле во една државна економија. Според податоците што се поместени во предлогот за донесувањето на законот за денационализација, со овие закони од приватните земјоделци се одземени околу 17 ха. обработлива површина. Оваа земја е одземена и влезена во блоковите на задругите и комбинатите со сила, со употреба на полиција, судови, тепање и апсење на оние што не сакаа да се покорат на општинските одлуки за арондација и експропријација. Како и на кој начин ќе се решава прашањето со оваа земја, посебно со земјата што е предмет на арондацијата кога за замена на присилно арондираната земја се доделувани земјишта одземени со другите закони во предлог законот за денационализација не се понудени соодветни решенија. Барам г-динот министер за финансии, Јане Миљовски да каже како ќе се надминуваат овие состојби. Инаку, земјата што е одземена со прописите за експропријација и платена без правен надоместок сега ќе мора да се плати според пазарните цени. Впрочем, така предлагачот и предлагаше во предлогот на законот, меѓутоа, за мене сите оштетени земјоделци од малите и големите експропријации не се прифатливи понудените решенија во чл.2 во кој се вели дека предмет на денационализација ќе биде одземениот имот за остварување на општо корисни цели до 15-ти февруари 1968 година, за кој не бил примен праведен надоместок.

Овој рок треба да се брише. Праведниот надоместок на вака одземените имоти треба да се врши до донесувањето на новиот закон за експропријација годинава односно 19 95 година. Неправдите на овој план во државата се правени до рушењето на стариот систем и дотогаш треба да се оспоруваат. Дотогаш имотите за потребите на јавниот интерес на државата се одземени по нејзините неправедни надоместоци. По едно јајце за еден метар квадратен.

Инаку, меѓу 30-те закони кои што и нанесоа огромни штети на селаните во стариот систем се наоѓаат и прописите и уредбите со кој им се одземени нивните селски утрини, пасишта и шуми. Податокот дека на овој план се одземени околу 21 иљјада хектари пасишта и околу 16 иљјади ха. шуми и шумски земјишта, тешко може да се поверува дека е точен. Точно е само тоа дека со одземањето на утрините од селските населби и нивното вклучување во економиите на државните комбинати и задруги на селата им беше нанесен последниот удар за раселување и бегање во градот или надвор од нашата држава. По одземањето на земјата со законите за аграрна реформа, аграрен максимум, арондација и експропријација и утрините на кои што се потпираше развојот на приватното сточарство не остана можност за работа и обезбедување на еден пристоен живот на селото. земањето на утрините беше поболно примено од земањето на приватниот имот зашто со овој потег на државата се блокира цел живот на селото. За утрините и пасиштата селаните имаат вложено огромни средства при купувањето од беговите и тие мора да се вратат во нивна заедничка сопственост. Нема потреба од барањето на предлог законот за денационализација за докажување на селската сопственост на утрините и пасиштата. Ако во катастарските служби се уништени доказите на овој план за селската сопственост на

утрините во името на правдата и правната држава комбинатите и задругите ќе мора да докажат во кои основи станаа тие газди на овие заеднички селски имоти. Ги купија од некого или пак им ги подарија општинските и републичките раководители. Сметам дека за враќање на утрините и пасиштата не треба да се чека донесување на законот аз денационализација. Комбинатите и задругите за побрз излез на селото од сегашната криза сами треба да им ги отстапат овие заеднички имоти на селата. Зошто да се чека законот за денационализација. Утрините не можат да се вратат на други локации. Некој мора да знае што значи зборот утрина.

Понатаму, национализацијата како посебна присилна мерка за прибирање на имот за потребите на државата во селата најтешко ги погоди големите сточари. На нив со законот за национализација, најголемите стада добитоци им се одземени овците говедата, колите, па дури и кучињата.

VII/1 ЈМ/ЛБ

**ВЕЉО ТАНТАРОВ**: (продолжение)

Предлагачот на законот за денационализација вели дека не располага со податоци за тоа колку овци, говеда, коњи, свињи и друг добиток им се одземени на сточарите со овој закон. Сигурно не се знае ниту каде отиде ни кој газдуваше и кој се богатеше со овој одземен добиточен фонд на приватните земјоделци. На пример на мојот дедо неговиот комшија му се одземени сите овци. Во нивните трла пред овој грабеж имало по илјада и кусур грла овци, меѓутоа новите газди им издале решенија за многу помалку. Тогаш се броело на секои три овци една се запишувала. Се знае зошто, за да се при- каже успешен биланс на новата државна фарма, или да остане нешто и за оние што ја спроведуваат самата национализација. Мојот дедо почина и од страв не кажа колку овци му одзедоа другарите од социјализмот. Вакви и поголеми судбини ги снајдоа сите поголеми сточари во 1948 година. На прашањето како и по кои цени ќе се надоместуваат овие имоти во Предлог законот за денационализација не се понудени соодветни одговори. Ако сточарите, или нивните наследници имаат црни книги за оваа национализација и знаат каде отидоа нивниот добиток, станува збор за овци, кози, крави, зошто да не можат сами да си ги повратат назад. Инаку напоредно со враќањето на сите одземени имоти, или нивно праведно обесштетување предмет на денационализација треба да бидат и имотите што им се одземени на селаните при создавањето на селските работни задруги. Во овие задруги што се формираа со употреба на сила беше внесен исто така со сила цел имот и добиток на селаните. По нивното растурање никој од селаните освен земјата не си го врати ниту добитокот, ниту другиот подвижен имот. Натаму предмет на овој закон треба да биде и имотот што селаните и граѓаните му го отстапија на државата заради неможноста да ги плаќаат даноците и другите давачки за земјата. Како  што е познато во тоа време приватното

земјоделство беше надвор од аграрната политика на државата, односно со 2,5 хектари обработлива површина без откупни цени на сите пазарни вишоци, без примена на современа агротехника. Мора да признаеме дека до 1958 година не се дозволуваше набавка на трактор и без земјоделски кредити високи давачки за земјата што беа одредени само и само да се откажат земјоделците од своите имоти, овие ги откажуваа овие имоти во интерес на државата. Затоа многу земјоделци се откажаа од оваа земја и ја отстапија на државата. По овој и други основи за бегање од земјата на државата и се подарени околу 150 илјади хектари земја. Оваа земја некој ја ораше и сееше и остваруваше голем приход. Сега треба да им се врати на сопствениците. Според овој предлог за донесување на законот за денационализација постојат тези дека за вратените имоти треба да се плати данок на промет, а за тоа што досега тие што го користеа овој имот не треба да платат никаква штета. Каква неправда. Изгледа дека оваа теза е земена, позајмена од идеологијата на една земја од бившиот социјализам која што велеше: тоа што е твое е и мое, а моето за тебе не чини.

На крајот сметам дека ако на овие земјоделци на кои што им се одземени овие имоти не им признаеме право на обесштетување, не треба да се признае и право, односно не треба да се дозволи тие да платат данок сега ќе се вратат нивните имоти назад.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, конечно еве денеска расправаме за едно многу важно прашање, а тоа е прашањето на денационализацијата, прашање кое што доживеа за овие 5 години колку што сум пратеник на ова Собрание неколку верзии. Моментално јас располагам со третата верзија на овој предлог за донесување на закон и мислам дека кога

станува збор за ова прашање доста доцниме. Такви ни се колку што јас имам сознание забелешките од меѓународните институции. Тоа фактички го кажаа и многу говорници тука, колеги пратеници, па не би се задржал на тоа. Основно што би сакал на почетокот да нагласам е тоа дека лично мене ми смета зборот "денационализација" и би рекол дека повеќе држи овој закон да го носи насловот Закон за реприватизација, бидејќи не станува збор за однародување, туку за реприватизирање на имот кој што по разни основи е земен. Се залагам за тоа поради тоа што касниме, иако низ дискусиите преовладуваше мислење дека , имаше многу забелешки по овој предлог се со цел да се по- нуди што подобар закон. Но мислам дека поради тоа што многу касниме се залагам за тоа законот да оди во две фази, а не во три.

По однос на содржината ќе кажам дека во однос на основните одредби во член 2 е регулирано прашањето што е предмет на денационализација и се даваат некои рокови. Лично се залагам за тоа да предмет на денационализација започнува можеби со 1944 година, 2.УШ.како што е речено иако и тука има доста дилеми дали треба бидејќи тука исто кога станува збор за тој рок можеби треба и да се помислиме и да навлеземе малку подлабоко дали треба да биде тој датум, или пак треба да биде некој друг датум уште од порано.

По однос на втората точка од истиот став мислам дека не- треба да се заклучува со 15.11. 1968 година. Кои се причините? Причините се тие што во никој случај и покрај тоа што сме се изјаснувале дека постоел по однос на тие начини како е извршено денационализација на разен имот, земјиште или друго , дека во 1968 година се давал правичен надомест. Јас тврдам дека правичен надомест немало, бидејќи познато ни е како се донесувани и одлуките по законот за експропријација, секогаш под влијание на оние кои што биле на власт, па никогаш немало правичен надомест. И заради тоа се залагам овој последниот рок да биде денот

кога е донесен законот за приватизација на општествениот капитал, на претпријатијата со општествен капитал. Ценејќи го времето ќе кажам само забелешки по однос на одредени членови.

По однос на член 10 моја забелешка е дека странски државјани може да биде барател според одредбите на овој закон врз основа на меѓудржавен договор. Јас ќе кажам дека повеќе се залагам и повеќе по однос на ова прашање ми се допаѓа она што е речено во втората верзија каде што се вели дека ќе се применува, иако можеби треба да се применува принципот на реципроцитет, иако можеби треба да уследи некоја верзија која што ќе ги спојува и едното и другото и меѓудржавен договор и реципроцитет. Зошто? Ова го кажувам од таа причина што со денационализацијата која се спроведе во Албанија нашите граѓани, македонските граѓани кои што имаа имот во Албанија им се даде правото да тие го реприватизираат, да земат тој имот и располагаат со него. Според тоа сега такви имоти има во Македонија, конкретно во подрачјето во општината од каде што доаѓам и сега што ќе се случи. Мислам ако се примени правото на реципроцитет автоматски нема потреба да се склучи меѓудржавен договор бидејќи за такви меѓудржавни договори и многу време поминува, па според тоа ако таму се признава , треба и овде да се признае тоа право.

По однос на враќањето на сопственоста , делот кој што зборува за враќањето на сопственоста се залагам по однос на член 16 се залагам за решение кое што е дадено во член 16, а алтернативата на тој член ја одбивам, не ја прифаќам. Исто така ја одбивам алтернативата на член 17. Кога станува збор за член 21 каде што се регулира прашањето за враќањето на земјоделското земјиште шуми и шумско земјиште, пасишта и утрини, таму се вели дека се враќаат во сопственост освен оние кои со закон се прогласени за природни реткости.

Мислам дека определбата што ја кажа г-динот Хисен Рамадани мислам дека држи тука по однос на тие природни реткости, се залагам за тоа да можат да бидат и во двете форми на сопственост државна или приватна, меѓутоа по однос на овој член прифаќам, повеќе се борам за прифаќање на алтернативата по овој член од причина што не би смееле да се плашиме од тоа дека ако ја признаваме сопственоста на поранешните сопственици дека сме ги изгубиле и тие површини како такви. Мислам дека како држава можат да се регулираат и тие прашања бидејќи познати се такви решенија во земјите со капиталистички систем, во земји каде што владее пазарната економија мислам дека може да се даде, признае правото на сопственост. А што се однесува до прашањето на користењето на таквото земјиште доколку е тоа лозов насад, овошен насад, или некој друг насад, тоа може да се регулира со друг закон и повторно и натаму да ги имаме тие комплекси. Битно е тука да се признае сопственоста. И заради тоа се залагам за алтернативата на член 21.

По однос на враќањето на пасиштата она што е речено во член 22 јас повеќе ја поддржувам алтернативата на член 22 бидејќи овде се изнесоа многу работи од пратениците дискутанти. По однос на документацијата мислам дека тука заостануваме, особено кога станува збор не само за поединци чиј имот е национализиран, меѓутоа исто станува уште повеќе за селските заедници. Селските заедници знаеме какви се институции, како профункционираат во минатото и како функционираат денес и тие не располагаат со документација. Според тоа мислам дека она што е речено во алтернативата на член 22 поиздржливо е и треба да им го признаеме правото доколку заедниците како што е речено во ставот 2 бидејќи тие не ќе имаат доказ и тоа треба да го докажат на друг начин, тоа може и со сведоци, се уште има луѓе кои што можат да сведочат, па за некои можеме и ние да кажуваме за некои

работи, да кажеме дека тие работи такви биле, секој за своето подрачје знае одредени работи.

По однос на прашањето кое што се регулира со член 24 мислам дека држи алтернативата на член 24, меѓутоа она што произлегува од овој предлог за донесување на закон е тоа што државата Министерството за финансии кое што надлежно за имотно - правните односи не располага со податоци. Мислам дека тоа е основно што провејуваше и низ дискусиите дека со точни податоци не знаеме колку ќе не чини оваа денационализација. Сигурно дека ќе биде потребно да се направат поточни анализи . Ќе се види начинот како ќе се враќа тој имот, како ќе се врши тоа обесштетување дали за 10, или 20 години како што се нуди со обврзниците.

Прашање многу интересно е регулирањето на прашањето кое што е регулирано со член 28. Вели: за одземен имот кој се наоѓал во претпријатие трансформирано според прописите итн. мислам дека тука привидно е направен еден пропуст во смисла на тоа дека, таму се вели дека ќе се враќаат уделите во акциите. Што ќе се случи ако при проценувањето на вредноста на претпријатието неправилно, односно барем кружат такви зборови дека одредени претпријатија не се правилно проценети. Ако оние кои што треба да ги добијат тие акции се оштетени со такви удели што ќе стане. Мислам дека и на ова прашање треба да се даде одговор бидејќи така ќе биде доколку правилно се обесштетуваат, тогаш треба и правилно да се постапува.

Едно мое долго размислување по однос на прашањето на надоместок и во што да се изразува вредноста. Ние во сите, и во законот за приватизација на општествениот капитал, односно претпријатијата кажавме дека вредностите сите ги земаме во германски марки. Мислам дека премногу се врзуваме со германската марка од причина што германската марка во овие години сигурно дека во овие години немаше

инфлација така голема, па може да се врзуваме. Меѓутоа ако го имаме во вид рокот кој што предлагаме да ги дадеме обврзниците може да ни се случи и заради тоа јас предлагам тие обврзници да гласат во злато, унца злато.

Ја поддржувам алтернативата односно го поддржувам член 40 без алтернативата бидејќи таму се вели дека ќе се врши откуп на обврзниците на луѓето, сопствениците кои што немаат средства за живот и добро би било така да се помогне.

По однос на доказите за сопственост мислам дека треба да стои во законот обврска да сите оние кои што располагаат со одредени податоци по однос на сопственоста треба да ги стават на располагање на државата за да може овој процес да тече без проблеми.

Моја последна забелешка е по однос на член 56 таму вели со денот на влегувањето во сила на овој закон не е дозволено располагање со имотот кој што е предмет на денационализација. И тука мислам треба да се види што со тој имот, да не остане некој вакум период да не може никој и да кажам никој да не грижи за тој имот .

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагам пауза до 15,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,00 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Г-динот Шапуриќ бара процедурално.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со оглед на тоа што има уште околу 15-16 пријавени дискутанти, а ова е прва фаза, јас предлагам и мислам дека е сосема во согласност со деловникот, доколку се согласите, понатамошната дискусија да се ограничи најмногу на 10 минути.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа може да биде сугестија.

Г-дин Пруси има збор.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа очигледно дека со законот за денационализација што денеска е предложен како прва фаза за разгледување, се прави, јас кажувам обид, барем донекаде да се исправи една неправда што е направена во првите години после војната, како и во подоцнежниот период врз точно определена група на граѓани.

Во врска со насловот јас би реплицирал на г-дин Ајдарага би кажал дека тогаш, јасно, имотот се земаше во име на народот и сега ќе се даде во име на народ, од самиот народ.

Овакво едно размислување, што се однесува до законот за денационализација, е за поздравување, што е дочекано и кај најголемиот број на граѓани, независно од тоа дали имаат побарувања или немаат.

VIII/2.-

Друго е сега прашањето дали државата или поточно самите граѓани во една оваква економска состојба во која се наоѓа земјата ќе може да го реализира овој проект? Во момент на трансформација на стопанството, во момент кога голем дел од стопанските капацитети се затвораат, во момент на нереализација на буџетската политика, вистинска атракција ќе биде реализацијата на еден ваков проект. Веројатно и предлагачот на овој проект е свесен за ова поради тоа што никаде во текстот не се служи барем со некои приближни цифри на средства што би биле потребни за негова реализација.

Поради тоа што се работи за прва фаза на овој закон, не би сакал да се задржам на поедини членови и да детализирам. Но, би дал неколку генерални забелешки што мислам дека треба да бидат содржани во втората верзија и со кои што ќе се искристализираат многу состојби кои во првава фаза не се доволно дообјаснети.

Како прво, законот ги исклучува од бараше сите лица што не се државјани на Република Македонија .Во врска со ова се кажа меѓутоа, јас би сакал исто да истакнам една група на граѓани кон кои оваа држава има обврска, морална обврска да ги инволвира во група на баратели.

Имено, се работи за група граѓани од Република Македонија кои 50-тите години ги напуштија своите огништа и мораат да се иселат во Република Турција.

Како што е познато, во тие години се реализираше една политика за етничко чистење на просторите на Македонија Косово, и Санџак. По сценариото подготвено од Васа Чубриловиќ и Иво Андриќ, диктирана од тогашните највисоки власти во Белград. Реализацијата, за жал мораа да ја извршат со нивна или без нивна волја тогашните власти во Република Македонија. Резултат на оваа политика беше иселување со присила и "доброволно" во Турција според некои проценки помеѓу 300 и 50 0 илјади

луѓе. Се разбира дека овие луѓе не беа сите од Македонија. Таква информација не знам дали воопшто има во Република Македонија. Меѓутоа, за следната верзија може евентуално и тоа да се даде.

И, денеска, овие граѓани со носталгија зборуваат за својата оставена татковина и се животно заинтересирани за развојот на сите полиња на Република Македонија. Дел од нив се толку имотно моќни што пројавуваат голема желба за вложување капитал за што по- успешен стопански развој на Републиката.

Еден гест и з а нивно вклучување во овој законски проект во многу ќе ја ублажи неправдата што е направена кон нив, а се надевам дека само ќе ги засили врските повеќе и повеќе со нивната бивша татковина. Се надевам дека, ако евентуално тие граѓани бидат инволвирани во Република Македонија и на финансиски план, многу повеќе ќе добие отколку што ќе изгуби.

Една група граѓани, погодени со овој проект, се оние кои поседуваат општествени станови, овде се кажа а со кои треба, односно тие треба да ги вратат на поранешните сопственици. Нивниот број, како што се истакна, е помеѓу 2-3 илјади, но точно не се знае. Сигурно е дека и кон овие граѓани ќе се направи една неправда поради тоа што овие станови им се доделени к ако државни или општествени многу подоцна, на некои, не на сите, јасно, од извршената национализација. Најголем дел на овие станови им беше доделен на нај- потребните кадри во тоа време. Честопати беа повикувани и од други Републики. Така што не стои она мислење дека тие станови биле доделувани само на највисоките функционери. Така што, во нив беа вселени и најпотребните кадри.

VIII/4.-

Користејќи ги овие станови тие воопшто не беа тересирани да го решат своето станбено прашаше, бидејќи не дека еден ваков закон ќе дојде на дневен ред. Сега, сигурно, доколку не им се реши ова прашање, осудени се голем број од овие семејства да останат без стан, односно на улица.

Затоа предлагам Владата во наредната верзија од законот сепак да предвиди некои олеснителни околности за овие граѓани.

Иако предлагачот ан законот, барањата на верските заедници, мисли да ги разгледува во некое подоцнежно време, лично мислам дека и овие заедници треба да се вклучат во овој законски проект поради тоа што н е гледам никакво оправдување за една ваква постапка.

Најголем број на случаеви, имотот на верските заедници стекнат пред војната воглавном е стекнат во вид на подароци и за ветувања од страна на група граѓани или некои поединци. Поради тоа што во многу случаи корисници на овој национализиран имот денеска се општествени организации и стопански субјекти кои во голем број денеска се приватизираат, па во еден таков процес сигурно треба да се знае сопственоста.

За илустрација ќе го наведам примерот со Арабати Баба Теќе во Тетово кој како кафе ресторан е дадено на користење на Тетекс. Претходно национализирано како сахрален објект. По секоја логика истото треба да се врати на првобитниот власник односно на Исламска-та верска заедница во Македонија. Слични случаеви има и со Православната верска заедница и веројатно и со другите верски заедници.

Треба да се има предвид дека главен извор на средства за финансирање на овие заедници биле овие објекти или земјата. Земјишта што во тоа време се национализирани, јас верувам во идеолошки причини, а со намера во најголема мера да го ослабнат нивното делување.

Сигурно, за нивното делување во новите демократски услови потребна е нивна подобра финансиска состојба.

И, на крајот сакам да предложам при вршење на постапката - национализација, исклучиво таа денационализација се врши со помош на документација, а никако со употреба на било какви сведоци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Трпеноски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, епилогот и на едниот закон, Законот за трансформација и на Законот за денационализација се знае дека е рехабилитација на приватната сопственост односно рехабилитација на поранешните сопственици. И, не само тоа, Вие знаете дека советувањето на цели во Охрид е кажано дека во Република Македонија не може да влезе странски капитал во згради и опрема ако не се знае чија е сопственоста. На тој начин и со овој закон се реализира проектот за трансформација на сопственоста во приватна сопственост.

Кога зборуваме за денационализација мислам дека истата се употребува во два контексти. Имаме денационализација во права смисла на зборот, кога со денационализација се одвива обратен процес од извршената рационализација со трите закони, да не ги спомнувам кои се, ги знаеме. Меѓутоа, овој закон има аспирации за денационализација во поширок контекст, односно го опфаќа не само она што е национализирано со законот за национализација на стопанските претпријатија, станбените згради и градежното земјиште, туку го опфаќа и Законот за аграрната реформа, експропријација, арондација, исто така и казнената мерка конфискација.

VIII/6.-

Сега се поставува прашањето дали буквално е можно да се изврши денационализација. По можност, како можност да. Но, буквално не. Затоа, во оваа прилика добро е она што ќе се напише во законот или што ќе се вети во јавниот збор и да се исполни, заради тоа што е познато дека кредибилитет тешко се стекнува но во миг се губи.

Би сакал да кажам нешто за моделот на враќање или реституција. Моделот враќање или реституција е можен кај објекти кај кои и сега постојат физички. Тоа се некои локали, дуќани, некои фабрики или претпријатија што се може би и доста изградени. Меѓутоа, овде денационализацијата може да се изврши брзо, без оглед на тоа дека во нив е инвестирано од аспект дека во тек на времето на нивното користење исто така е направена штета на сопственикот.

Кај моделот надомест или репарација, актуелни се следниве прашања:

- дали ќе се плаќа само разликата во цената на вредноста од времето на одземањето до времето на враќањето или пак ќе се плаќа и штетата направена заради тоа што државата ги користела одредените објекти,
- дали надоместокот ќе има пазарна вредност.

На последново одговор дава членот 30 став 3 од Уставот на Република Македонија. Вредноста треба да биде пазарна.

Доколку како надомест се издаваат како обврзници, нивната вредност со денот на стасувањето, јас предлагам да се обезбеди со вредноста како каматата по видување. Затоа што обврзниците веднаш не можат да се реализираат и вредноста што ја добиваат не смее да се обезвреднува. Обврзниците како надомест можат да се употреба, секако, како акции, но и за купување на недвижен имот во текот на реализацијата на Законот за трансформација на општествениот капитал.

VIII/7.-

Предлагам во законот, кога се работи за купување со хартии од вредност како што се обврзниците, да стои еден став - предност имаат поранешните сопственици заради рехабилитација на сопственоста, односно заради сатисфакција на сопствениците.

Се поставува прашањето од каде пари на државата да ги покрие хартиите од вредност. Тие би се употребиле во процесот на денационализацијата. Мислам дека тука се присутни двата извори: земјоделското земјиште и градежното земјиште. Земјоделското земјиште државата го делела на разни организации и задруги, со право на користење, под синтагмата"добар домаќин", а тоа не е нивна сопственост затоа што и не е платена. Ова што го реков за земјоделското земјиште мислам важи и за градежното земјиште., Впрочем, и во членот 6 од Законот за трансформација на општествениот капитал предвидени се тие две можности.

На крајот, се поставува едно прашање дали со решавање на прашањето на сопственоста односно со рехабилитација на приватната сопственост дали сме решиле се? Или, дали вршиме истовремено сега рехабилитација на капитализмот, а обезвреднување на социјализмот? Мислам дека ни едното ни другото. Ова, заради тоа што денеска во светот се развива една нова структура која што се одлепила од сопственииштвото на капиталот и оваа нова менаџерска структура управува со капиталот и оваа нова менаџерска структура треба да обезбеди не рехабилитација на капитализмот, не умирање на социјализмот, туку едно општество на благосостојба. А, тоа може да го стори затоа што во егото на менаџерската екипа е светот на финансиите и бизнисот, светот на информатиката и услугите, менаџерството не е капитализам, тоа е општество на благосостојба. Ова, за да може да се реализира треба да се рехабилитира приватната сопственост.

VIII/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги. Предлогот за донесување на закон за денационализација е многу важен и тој треба да се донесе. Се работи за многу важен процес со кој се настојува да се отстранат неправдите на оние граѓани што се нанесени со одземање на имот врз основа на присилни прописи. Со него се доградува правниот систем и се заокружува процесот на трансформацијата на општествената сопственост, што е во согласност со Уставот во област на економските односи, за кое што и така многу доцниме.

Бројните алтернативи содржани во законот за денационализација укажуваат дека предлагачот немал јасен став при подготвување на законот. Предложените решенија во него се еднострани, недоречени и недоразработени, колку што треба.

Во предложениот закон не се предвидени финансиски средства за спроведуваше на истиот. Тешко би било да се предвидат истите во буџетот, но би било добро да има почетни предвидувања колку средства се потребни за негово спроведување во практиката.

Во предлогот за донесување на закон за денационализација не е предвидено и со колкав износ ќе учествува државата во процесот на денационализацијата. Без предвидени средства тешко може да се отстрани оваа неправда нанесена на граѓаните поранешни сопственици. Во предложениот закон е исто така ограничен периодот на одземениот имот од граѓаните, вклучувајќи од 1944 година - 1968 година, со што на дел од граѓани не им се овозможува враќање на имот одземен после 1968 година. Во тој однос, кон тие граѓани, правиме голем пропуст . Тоа не смееме да го допуштиме.

VIII/9.-

Во законот не се опфатени имотите на верските заедници. Исто така, во законот е предвидено право на враќање на имот или надомест за истиот имот само за граѓани кои се континуирано државјани на Република Македонија од денот на одземањето на имотот до денот на влегувањето во сила на овој закон, односно странски државјани можат да го остварат правото со меѓународен договор.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (продолжение)

Овде не е вградено решение за враќање на имот на граѓани што се иселиле од Македонија во Канада, Австралија и Турција или било каде на друго место во Европа или светот, било тоа да се однесува за Македонци, Албанци, Турци и сл.

Доколку сакаме да го спроведуваме процесот на денационализацијата во пракса со успех, тогаш треба да имаме реален пристап кон сите граѓани и кон сите субјекти инволвирани во овој процес за да не се доведат во подредена положба одредена категорија на граѓани.

Во основните начела и во одредбите на Законот да се обезбеди заштита на интересите, не само на поранешните сопственици, постојните корисници, туку да се заштити интересот и на самата држава.

Посебни забелешки кон предлогот на законот за денационализација се следните:

Во член 9 став 2 зборот "континуирано", да се брише.

Со таа формулација што се подразбира:

Од член 22 ја поддржувам алтернативата.

Во член 23, во алтернативата 2, последниот став да се формулира попрецизно, во смисла на тоа "ако не му смета на сопственикот на објектот, остатокот на земјиштето да му се врати на сопственикот на земјиштето".

Во член 24 ја поддржувам алтернативата на овој член според која на корисниците на становите ќе им се обезбедат станови во државна сопственост.

Членот 26 да се прецизира, да се појасни кои се тие други објекти освен наведените во овој член.

IX/2.-

Во член 34 прифатлива е алтернативата и на став 1, надоместокот се дава во пари од 10% и на став 2 односно паричниот надоместок да се плаќа во четири еднакви рати.

Во член 37 треба да се поддржи алтернативата со што би се овозможило поранешните сопственици да се стекнат со право на користење на обврзниците, на пократок рок.

Член 41 е прилично спорен, во смисла на тоа што наведените извори на плаќање на надоместокот не е темелно и прецизно разработен.

На крај предлагам предлогот за донесување на закон за денационализација да се разгледа и усвои од страна на Собранието, додека Владата на Република Македонија да изготви нацрт на закон при што да ги има предвид содржајните забелешки дадени овде во Парламентот и нив да ги инкорпорира во Законот. Воедно сепак за реализација на овој проект не е дадено која е таа сума што државата треба да ја одвои за да се изведе во пракса овој голем проект.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пртеници, почитуван министер, дозволете ми најнапред да го искажам моето задоволство од фактот што оваа Влада и овој Парламент смогнаа сили да го стават на дневен ред Предлогот за донесување на закон за денационализација и со тоа да дадат услови за решавање на проблемите од оваа сложена и деликатна област од сферата на општествената трансформација.

Во исто време дозволете ми да ја искажам и мојата поддршка на Предлогот за донесување на овој закон.

Почитувани пратеници, ставањето на дневен ред на Предлогот за донесување на закон за денационализација, Парламентот ја започнува расправата за начинот и формата за реализација на алинеја 5 во член 7 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на РМ.

IX/3.-

А што се однесува на трансформацијата на оној дел од општествената сопственост што настанал под присилно односно привидно доброволно одземени, национализирано државата приватен имот во периодот од август 1944 до февруари 1968 година. Расправајќи за начините и формите за исполнување на таа обврска на Парламентот во врска со спроведување на Уставниот закон, ние ќе расправаме за начинот и формите на исправање на неправдите што на сопствениците на одземените имоти им се нанесени во минатото.

Имајќи го тоа предвид сметам дека основна премиса на законот за денационализација мора да биде враќање на одземените приватни имоти на нивните сопственици односно на нивните наследници. Праведниот надомест за одземениот имот треба да биде земен предвид само во случаи кога се работи за јавен интерес утврден со законот а што е пропишано со член 30 став 3 и 4 од Уставот на Република Македонија. Притоа со поимот јавен интерес не смее да се манипулира. Сметам дека не смее под тој поим да се подразбираат и случаите кога јавниот интерес не мора да се обезбеди со одземање на сопственоста и правата што произлегуваат од неа, туку може да се обезбеди само со ограничување односно со пропишувањето на условите за стопанисување со имотот со кој се обезбедува јавниот интерес, независно од видот на сопственоста.

Да бидам појасен, што мислам, а за тоа ќе наведам неколку примери. пример, јавниот сообраќај во сите негови видови: патни, железнички, авионски, телефонскиот и сл. претставува јавен интерес кој може да се обезбеди со законот за јавен сообраќај, независно од видот на сопственоста на имотот. Таков е случајот со стопанисувањето со земјоделското земјиште, шумите, водите и сл. Според тоа во Законот за денационализација враќањето на одземените приватни имоти при трансформацијата на општествената сопственост треба да биде основното решение, а праведниот надомест само во исклучителни случаи.

IX/4.-

Од предлогот за донесување на законот за денационализација што е на дневен ред на денешната седница на Парламентот, може да се види дека моето залагање е во голема мера содржано во истиот закон. Се надевам дека при изготвување на Предлогот на законот ќе се имаат предвид моите искажувања и правото на враќање и праведен надомест уште подобро ќе бидат обработени од страна на предлагачот.

Меѓутоа, кога зборуваме за законот за денационализација должен сум да му скренам внимание на Парламентот и на Владата дека при залагањето на правдата и правичноста не смее да се подлегне на тенденциите и притисоците од некои места што веќе се појавуваат во досегашните дискусии на различните здруженија и форуми а се на линијата да си земе повеќе отколку што вредело одземеното.

Понатаму, исто така треба да се разобличат тенденциите на некој реваншизам кон актуелната власт и настојувањата да се остварат некои други цели, а не враќањето на одземените имоти. Мора да се укаже дека актуелната власт не е виновна за настанатите неправди со присилното одземање на имотите во некое друго време и од некоја друга власт. Таа може само да преземе мерки таа неправда донекаде да ја исправи при трансформацијата на општествената сопственост во која спаѓа и денационализацијата која се регулира со овој закон.

На крајот сакам да го искажам и моето размислување во врска со давањето на праведен надомест за одземениот имот, а тоа се состои во следното:

Сметам дека обврската за давање надомест во случаевите кога имотот не може да се врати на сопствениците треба да падне на државата односно на Буџетот само тогаш кога невраќањето е директно од со закон утврден јавен интерес односно само во случаевите кога општествено единствено е оправдано тој имот да остане во државна

сопственост бидејќи само така може да се гарантира максималната ефикасност на неговото користење. Во сите други случаеви надоместокот треба да се третира како и секој друг долг спрема доверителите и тој треба да падне на товар на тие кои го преземаат имотот во владение и користење, независно дали таа обврска ќе се реализира во вид на соодветен паричен надомест или по желба на сопственикот доверителот ќе се трансформира во удел односно обични акции во обем на вредноста на неговиот имот.

Сосема на крај да кажам дека сметам, со оглед на осетливоста и сложеноста на материјата, законот за денационализација пред- лагам и мислам дека треба да биде донесен во три фази.

**ПЕТАР ТАЛИМИЏОСКИ:**

Почитувани пратеници, господине министре, на јавноста, особено на оној дел за кој е и наменет овој закон, секако се препозна ва совеста на државата која за враќањето на одземениот имот ќе се овозможи затворање на една и те како црна дамка и отворање на сосема еден друг правец кој ќе биде поправеден и мислам дека само така можеме да излеземе и да им докажеме за она навистина што генерациите или ние помалку или повеќе сме грешеле.

Ако се погледне предлог-законот кој е пред нас, содржи 64 одредби, ако не се лажам, или членови, кои, може да се рече, спрема искажувањето на министерот Миљовски, членови со повеќе алтернативи. Јас го поздравувам тоа и сметам дека вистински можеме да се најдеме и да најдеме излез и промени кои најсоодветно ќе можат да влезат во овој закон и да изнајдеме најдобри алтернативи за негово правилно поставување. Не знам прво од каде да почнам. На пример, не е предвиден надомест за обични штети, надомест за испуштена корист.

Објективните кои физички постојат се,користеле од почетокот на национализацијата со член 7.

IX/6.-

Спомнувајќи го член 14 наследниците треба да платат данок на наследство. Тоа некако не ми оди во прилог. Добро е тоа што конфискацијата на имотите се враќа во името на правдата односно со обврските во согласност со законот.

Она што денес г-динот Миљовски го рече дека Македонија нема да ја претвориме во судница, просто се сомневам во тоа, не затоа што самите законски проекти нема да го искажат или ќе го добие оној што е директен учесник во земањето, туку сметам дека не ќе можеме лесно да го најдеме, бидејќи дел од нив веќе земјата ги покрила, дел од нив веќе ги имаат наследниците кои помалку или повеќе се распрснати на разни страни, а дел од документацијата што поседуваат, ја имаат или ја немаат.

Она што го слушнав за земјата. Навистина има тука што да се рече, што да се врати или што да не се врати. Ако се работи за неподвижниот имот на нас ни е јасно дека тој неподвижен имот помалку или повеќе, на еден или на друг начин она што го слушнавме, ќе можеме да го вратиме. Но, дали тоа ќе биде оправдано со сето она што по седниците го имале како стока: овчарството, говедарството итн. Дали тие не печалеле за тоа денеска, она што го рече Тантаров треба да го вратиме или на нив ќе им се заблагодариме со едно благодарам а тие ќе останат настрана. Што за нив? Едните го добиваат она што навистина го вложиле а другите нема да добијат ништо и остануваат пак со она, да не можат да го имаат.

Карактеристично за нашата состојба е и она, како што се вели во една поговорка "волкот го изеде магарето". Тоа значи нема повеќе поврат. Оттука претпоставката дека ниту еден сегмент од приватизацијата односно денационализацијата не оди глатко,брзо и без

тешкотии. А сега се наметнува прашањето оние граѓани на кои им е одземено имот во социјалистичката колективизација потоа колкумина од нив поседуваат доказна документација за сопственоста. Ако конкретно во Прилеп велам, има 60 или 70% од населението кое е земјоделско, не значи ли дека нивната земја е и фабрика.

Засега сопственици има повеќе. Ние знаеме и за колонизацијата и за колонистите кои ја продадоа земјата, а тие што ја продадоа земјата уште еднаш ја продадоа. Каде тука задругарите кои по еден или и друг начин веќе ја имаат земјата добиено, реков на еден или на друг начин. Потоа комбинатите и најпосле синовите на мртвите тетковци којзнае дали во гробовите можеме да им ги најдеме и тапиите•

Да ја спомнам и експропријацијата чии одземени имоти се исплатени симболично, или исплатени кога тие или не биле во семејствата или биле малтретирани надвор од нивните семејства, или пак понижувани во, така да речам, селските дворови и средело за да може да им се даде една скршена пара која помалку вреди или срам кој многу го чини.

Сметам дека има место покрај таа денационализација по малку да навлеземе во деекспропријацијата која всушност ќе го олесни самиот процес на денационализацијата. Не знам, но сметам дека овој чин е далеку поболен од она што значи национализација и повторното денационализација. Срамот е поголем од се, а тоа јасно може да ни се покаже со онаа пословица односно приказна "јагленарот и мечката"

По 50 години од извршувањето на национализацијата поранешните сопственици се во изменета социјална и економска положба. Точно е дека дел од нив, како резултат на она откажување, помалку или повеќе или дел од нив како резултат на имотно - правните и социјалните односи што ги имаат сами во себе се во поинаква положба за да може да одговорат на едното или другото, да го признаат или да прескокнат преку тоа. Мислам дека треба да се ценат денешните материјални можности

на државата со што денационализацијата ќе создаде голема материјална обврска како дел на нејзиниот главен влог.

Не сакам да го цитирам, го сретнав случајно во еден весник Сотировски, тој е веројатно судија во Окружниот суд во Битола кој за самиот законски проект дава одредени решенија но со еднакви шанси за конфискација на национализираниот имот како перманентни имоти со конфискација, влезот во процесен правен тек кој помалку или повеќе го нарекува како психички масакар.

Република Македонија во својот устав се дистанцира од идеолошките параметри на системот што го напуштивме. Меѓутоа, со приемот на денационализација таа дистанца во целост се негира. Не разумно би било една држава да гради економија врз одземена конфискација и национализирани имоти особено сопственичка структура на капиталот, кога сопственичката структура на капиталот се менува, економијата добива белези на пазарна, тоа е во коалиција со Декларацијата за демократска и правна држава.

**ПЕТАР ТАЈ1ИМЏИОСКИ**: (продолжение)

Така бившите оопственици и нивните прави наследници ќе поверуваат во исправност на една голема правда, макар за тоа време беше спроведена мерка на една легална власт. Велам дека овој акт повеќе или помалку треба да оди во три фази. Сум за.

**МИРКО ТИПУНОВСКИ.**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници,

Ако имаше обезбедени средства ќе го крстев дека е економски закон и ќе ни беше лесно сето ова да го реализираме во областа за извршување на денационализацијата. Ако беше читко правен закон, денеска нема да расправавме , бидејќи сите точки и членови ќе беа јасни. Можеме да го крстиме дека е чисто политички закон. Зошто го зборувам тоа? Всушност со овој пропис се врши признавање на континуитетот на сопственоста, а што е основ на обврска према граѓаните кои што произлегуваат од уставните решенија и според меѓународните прописи и стандарди. Сигурно донесувањето на овој закон треба да биде чекор за натамошна демократизација на односите, а особено во сферата на сопственичко правните односи. Принципиелно гледано од аспект на поставеноста на законските решенија можни се различити приоди, а тоа е и министерот во своето излагање го рече, од што зависи сигурно и концептот на Законот во финалната фаза како ќе изгледа, односно неговото анализирање и неговата примена онаму каде што го наменуваме, а веќе имаме огромни набои и недоразбирања меѓу различните категории на луѓе оштетени или оние кои што треба да го вратат тој имот.

10/2.-

Бидејќи сме во прва фаза донесувањето предлагаме да оди во повеќе фази, моето размислување е да оди максимално во 3 фази. И понатаму е неопходно учество на најстручни и најповикани субјекти од оваа материја. Сметам дека би требало да се укаже на некои аспекти кои се битни. Независно од решенијата кои ќе бидат дефинирани останува како отворено прашањето изворот на средствата за покривање на побарувањето на поранешните сопственици, нивниот обем и приодот на надоместувањето во услови во кои сега се наоѓаме. А Законот, сигурно ќе се применува сега, се чини дека изворите за некое големо надоместување за вакви побарувања не се ни реалност ни можност. Од друга страна и самиот нивен обем не е утврден од причини за кој предлагачот во Законот укажува дека се доста обусловени средствата од решенијата кој ние ќе ги прифатиме. Бидејќи денеска сите разговараме за алтернативи, која алтернатива што носи. Сметам дека е неопходно со претходни проценки и со метод на анкета или делумен попис во форма на прибирање на првични податоци за надоместувањето на поранешните сопственици на имотот што ќе се денационализира да се дефинира и неопходниот квантум на средства за оваа намена. Од тој обем на средства ќе зависат и изворите и нивното обезбедување. Во јавноста сите знаете се создава фама дека тие средства ќе бидат обезбедени од Буџетот. Сигурно ваквото размислување сметаат дека е најбезболно и најможно брзо да се реши. Поради тоа се залагам за поголема реалност за што поскоро обезбедување на попрецизни податоци за обемот на одземениот имот, а врз таа основа и за неопходните средства, како и изворите за нивно обезбедување. Бидејќи ќе има можност во понатамошното разглабање на оваа материја со конкретни амандмани да делувам по овој закон, само неколку ќе спомнам. Член 14 каде се предвидува на оние луѓе на кои ќе им се врати имотот да се плати данок

на промет. Враќањето на имотот на поранешните сопственици не претставува подарок за нив и не треба да се плака данок на промет. Едното размислување.

Членовите 16 и 17 каде се зборува за недвижноста чија вредност по одземањето или предоземањето се зголемила или намалила од 1/2, предлогот стои за 1/3, сметам дека е подобро да биде 1/2. Исто така во членот 22 потребни се додатни објаснување што се подразбира под место положба и што е таа категорија местоположба. Член 2 4 каде се зборува за враќање на станбените згради и станови на сегашните сопственици да се усвои алтернативата, да се обезбедат станови од државата од државна сопственост за овие луѓе што живееле во овие станови. Во членовите 34, 37, 38 и 40 каде се зборува за обврзниците за нивната доспеаност, роковите на наплата, сметам дека надоместокот во прави по тие обврзници да биде наместо 20, да биде 30% и да се плака од една година на две еднакви полугодишни рати.

Што се однесува до член 37 да биде на 10 години, а во членот 38 да се определи времето кога таа се наплаќа, кога се издава и со колкава каматна стапка ќе биде вреднувана таа обврзница. Тука би го завршил своето размислување, бидејќи станува збор за исклучителен закон, за реализирање на овој процес на трансформација бара доста средства, предлагам да се испита потребата од соодветно информирање на Собранието на Република Македонија за оценките и резултатите од спроведување на овој закон.

Не би сакал на крајот да останам должен. Поедини мои колеги се изнаплукаа на социјализмот како нешто што толку зло нанесе на оваа држава. Се изнаплукаа на минатото, а во сопствените програми се борат за демократски социјализам. Значи, не е идејата изгубена туку спроведувачите на таа идеја.

10/4.-

**ПЕЦЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Со овој Закон треба да се исправи една историска неправда кон поранешните сопственици на присилно одземени имоти, а притоа да не се направи друга неправда кон сегашните корисници на тој имот.

Со овој закон е точно кажано што и како ќе се враќа. Воглавно се предлагаат три модели на враќање на имотот и тоа со реституција, компензација и комбинација на овие два модела. Овие модели мислам ќе придонесат за побрзо и побезболно завршување на овој процес. Во член 9 е кажано дека правото на враќање на одземениот имот да се однесува на барател кој од денот на одземениот имот со денот на влегување во сила на овој закон континуирано е државјанин на Република Македонија, и ова е сосема исправно и го поддржувам.

Во член 11 го поддржувам основното решение, односно по барање за денационализација за одлучува комисија за национализација во состав на Министерството за финансии. Мислам има потреба од преоценување на одредбите 7 и 14 од аспект на нивна коалиција.

Ја поддржувам алтернативата на член 24 според која, државата ќе се ангажира во решавањето на станбеното прашање на корисниците , на станбените згради и станови во рок од 1 година од денот на влегување на сила на овој закон.

Се залагам државните обврзници да можат да се користат за повеќе намени отколку што се посочени во член 39.

Во врска со определбата на член 47 став 1 која се однесува на случајот кога докажете за сопственост и актот за одземање на имот барателот не може да ги приложи, мислам дека е потребно да се

предвиди обврска Комисијата за денационализација, која истите ќе ги прибави по службена должност, да ги достави до барателот на увидот.

На крајот дека има потреба од донесување на овој закон и ќе го поддржам.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Јас ќе се обидам временскиот пристап на претходниот говорник, мислам дека Законот е неопходно да се донесе и мислам да се донесе во 2 фази, после оваа фаза да поминеме на Предлог законот. Со оглед дека е многу кажано, јас ќе се задржам само на неколку работи и нешто за што повика министерот во своето излагање, со оглед дека постојат алтернативи да го насети пулсот на Парламентот.

Прво, мислам дека со законот треба да се задржи, па дури да се заостри принципот на што повеќе враќање во сопственост во фазата на денационализација, а што помалку во принципот на платен надомест за одземен имот, затоа што мислам дека од овој принцип ќе бидат задоволени сите кој се во процесот на денационализација и државата и поранешните сопственици. Во таа смисла мислам алтернативата на член 8 не треба да се поддржи, затоа што под таа алтернатива мислам дека ќе се претвори денационализацијата повеќе по принцип на надоместок, отколку по принцип навраќање на сопственост, иако таа алтернатива може кај државата да создаде проблеми во санкционирањето на некои јавни институции, или државни органи, меѓутоа, мислам дека треба како принцип да се задржи, па понатаму државните органи да стапуваат во односи на понуда и побарувачка за тие имоти со поранешните сопственици.

10/6.-

Мислам дека треба да се направи напор и тука ги поддржувам некој дискусии и на г-динот Тантаров да се вовлече во Законот можноста за враќање на недвижен имот, особено на сточниот фонд и тоа таму каде што постои евиденција или каде што е можно да се дојде до аргументи за постоење на евиденција за регуларна и нормална судска постапка. Зошто го кажувам ова? Затоа што мислам дека ќе се доведеме во непријатна ситуација ако на некој му е национализиран недвижен имот во вредност од 1000 денари, условно кажано ќе му го вратиме, меѓутоа, ако на некој му е национализиран сточен фонд од сто илјади денари, значи стопати повеќе, нема да му го вратиме, само поради тоа што не можеме со Законот да се определиме.

Мислам дека тука има една голема неправичност кон оние чиј имот е национализира, а е подвижен имот, условно кажано сточен фонд и друго. Така да мислам дека треба да се дозволи во една регуларна процедура, таму каде што е можно, каде што постои евиденција, јас сум убеден дека постои, во судска постапка може и бројни изјави и сведочења, сите се се уште во можност и оние кои национализирале и на кои им било национализирано да помогнат во решавањето на проблемите, без фрустрации кој на која страна бил во далечните 1945 и натаму и мислам дека тоа може да се надмине и тоа да не биде враќање во сопственост, во некои сега општествени или други фондови туку да биде исклучиво со надомест на државата да не се создадат други видови на непријатности во рамки на некои земјоделски стопанства или некои други видови на сопственост. Мислам дека такво враќање ако оцени Владата, во оваа фаза, како сугестија во Владата да може да се предвиди и враќање со надоместок на сточниот фонд. Се согласувам со оние кои мислат дека во членот 14 предвидената варијанта враќањето да подлежи на оданочување треба да се симне од Законот, затоа што во некои случаи тоа со тек на време можеби во некое време се претвара во

наледништво, меѓутоа, има случаи каде што сопственикот е се уште жив и за својот имот треба да плати данок на наследство, или на промет, зависно каква ќе биде варијантата на денационализација и мислам дека член 14 како политичка определба на овој Парламент, доколку не се коси со други закони, треба да се избришат.

Се придружувам, и кон оние кои иако е многу тешко бараат начин да се разреши проблемот со национализираниот станбен простор на општо задоволство и на оние кој сега го користат како станарско право и на оние кој биле поранешни сопственици, затоа што мислам дека одредени фази на одредени делови од имотот кои се денационализира да останат на ниво на праведно за сите граѓани кои се во фазата засегнати на еден или друг начин и мислам дека тука не би ги повторувал искуствата кои треба да се користат и идеите и на едни те и на другите кои ни доставија поголем куп на материјали како да се регулира во Законот. Не би ги набројувал, сите ги имаме на писмено, претпоставувам и Владата, затоа мислам дека треба да се направи напор, можеби и повеќе од она што е предвидено во Законот за да се на општо добро разреши тој проблем.

И на крајот сакам да укажам, иако немам што да понудам затоа што излегува и од мојата струка малку и не сум доволно стручен, меѓутоа чувствувам политичка потреба да се укаже, дека во рамки на Законот постапката која е на некој начин, ако ги исфрлиме предоните и завршните одредби, посебно поблаги во Законот претставувам можеби да се претвори и во срж на Законот и мислам дека тука Владата треба да обрне многу внимание, затоа што тоа е еден од битните услови да се претвориме во судница во државата, особено за оние граѓани кој ќе бидат засегнати со овој Закон, да не се случи тие граѓани само заради постапката која може да има маани да не бидат во втор пат доведени во

ситуација да ја изгубат довербата во сопствената држава. Бидејќи еднаш ја губеле довербата кога му била национализирано и втор пат кога треба да го денационализираат да се изгубат во лавиринтите на постапката на правните заврзлами и тука непотребно да ја губат сопствената доверба, во сопствената држава. Инаку, ние сме сите во овој Парламент една генерација која дефакто не може да предвиди што е тоа национализација и што овој Законот треба да донесе.

Мислам дека има доволно луѓе во Парламентот кои имаат стекнато и создадено свој имот. Значи кога сега би се одзел имотот на оние кој го создале на еден легален начин во овој систем од 1990 година наваму и пред тоа, толку колку што било можноста, ако им се одземе имотот, какво би било нивното расположение кон Законот за враќање на имотот. Мислам дека треба да прифатиме од тој аспект како би било кога би се одземало сега. Значи треба да се врати што повеќе со што помалку ограничувања од страна на државата.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Богато беше оптирањето на пратениците, односно изборот на различните можности кои беа понудени за да влезат во Законот за да се разреши таа материјал која се нуди со законскиот проект и сметам дека во таа насока јас денеска ќе помогнам со моите размислувања во врска со самиот законски проект од една страна, а од друга страна ќе го кажам и ставот на Социјал-демократскито сојуз во врска со самиот законски проект.

10/9.-

Поаѓајќи од Уставот на Република Македонија, каде во темелните вредности ја ставивме и приватната сопственост и заради операционализацијата на тие одредби од Уставот на РМ, поточно на членот 7 од Уставниот закон каде треба да се донесе во рок од 6 месеци оние системски закони, кои треба да го доизградат правниот систем на земјата, за да ние ја поминеме номиналната фаза на Уставот со кое само му ветивме на народот дека ќе му изградиме општество како што го предвидува Уставот, како највисок правен и политички документ во земјата и заради операционализација на тие одредби Уставниот закон си зеде за задача во рок од 6 месеци ние да ги донесеме системските закони и покрај другите системски закони кои треба да ги изградат институциите на системот во кои треба да функционира ова општество кое ние го замисливме со Уставот и го предвидовме Законот за трансформација на општествената сопственост кој во суштина треба да ги доуреди имотни - правните односи во нашата држава; од една страна, а од друга страна да ја постигне целта самиот Устав за кој и ние се трудиме и го легитимираме самиот правен поредок.

XI/1.- JJ/OM

**ТУШЕ ГОШЕВ**: (Продолжение)

Од тука законот за денационализација има правен сонов за донесување да ги уреди имотно правните односи во земјата, од една страна и од друга страна да го изгради основниот постулат на уставно пазарното стопанство, гаранција на имотната сопственост и т.н. Не им припаѓам на размислувањата кога се зборува дека овој закон е политички закон, дека е економски закон, дека е правен закон. Јас сум на стојалиште дека тоа е закон кој што треба да ги уреди имотно - правни те односи од една страна што го зафаќа по својот обем и содржина, кој што се основа за градење на самиот систем што го утврдува Уставот. Поаѓајќи од самиот факт дека национализацијата како правен инструмент за оригинално стекнување право на сопственост на државата, тоа значи дека одземање од приватна сопственост и правење во државна сопственост или подоцна со Уставот, со уставните амандмани од 1951 година и Уставот 1973 година, стварање на општествената сопственост, како општество кое го градевме тогаш што не ја признаваше сопственоста како докажана историска категорија со економска и правна содржина туку дефинирајќи ја како недокажана историска категорија со нормативно - идеолошка содржина и ајс од тука сметам дека секаква идеологија не му припаѓа на тој законски проект што денеска го разгледуваме. Во суштина ние материјално ги уредуваме имотно - правните односи на нашата земја. Па, национализацијата како оригинален инструмент за стекнување на право на сопственост има два основни елемента не само одземање на правото на сопственост на приватниците и претворање во државна сопственост, туку и ограничување на субјективните граѓански права за стекнување на имот. Тоа значи дека со национализацијата ние не само што одземаме туку им ограничуваме на другите граѓани да не можат од тој дел на имотот да го

имаат во своја сопственост. А тоа значи ограничување на субјективни граѓански права.

Денационализацијата како обратен процес на национализација, јас не го прифаќам и еднострано е толкувањето кога се зборува дека денационализацијата само значи враќање на имотот. не, господо туку денационализацијата значи враќање на субјективните граѓански права на сите физички лица кој учествуваат во правниот промет во стекнувањето на право на сопственост, и ако е депласирано во дадениот момент, затоа што тие закони веќе произвеле правни дејствија и тие се завршени во постапките. Во суштина ние, мораме да утврдиме дека со укинувањето на сите присилни прописи во државата, всушност ги ослободуваме и основните субјективни граѓански права во стекнувањето на правото на сопственост, на тој дел што го ограничуваа тие присилни прописи.

Поаѓајќи од тие мои видувања, јас би сакал да кажам и некои мои увидувања во врска со самиот законски проект. Иако законот се труди со самиот наслов за денационализација, тој опфаќа малку поширока материја, тука ја зафаќа конфискацијата како метод, зафаќа одредени други присилни прописи што не и припаѓаат само на национализацијата, тука е арондацијата, комасацијата и сите други присилни прописи, почнувајќи од 1948 година па се до последниот член кој го укина првиот парламент, а тоа беше во Законот за здружениот труд каде што по основ на одржување на општествените правни лица, да можеа врз таа основа. на владеење да стекнуваат право на сопственост. Оттука мислам дека во членот 2 утврдената техника на тотал или глобал-техника само зафаќајќи го временскиот период на тие закони мислам дека таа техника ќе создаде едно дискреционо право на оној кој ќе го применува законскиот

проект и кој всушност сам ќе толкува што значи присилен пропис или не, затоа што не е единствен само законот за национализација како присилен прописно државата. Јас повеќе сум склон, фактички во членот 2 ние ги дефинираме обемот и содржината на самиот законски проект и предлагам доколку е тоа можно во наредните фази со позитивна еномерација на набројување на сите тие присилни прописи што ги има донесе нашата претходна држава да ги наброиме, фактички да го дефинираме обемот и содржината на самиот законски проект што ние го донесуваме денеска, од една страна. И од друга страна ќе ја зголемиме ефикасноста не само на странките кои ќе поднесуваат барање и ќе го најдат своето место во тој член 2 на самиот законски проект, туку и ќе ја олесниме работата и постапката на комисиите за остварувањето на предметот во самиот законски проект.

Во членот 3 каде што се кажува што е предмет на денационализацијата, мислам дека е употребена една техника каде што се кажува- стекнување на имот без правна основа, па една лепеза што значи тоа на други основи на стекнување на имот без правен основ, мислам дека е според законот секој кој што ќе стекне имот надвор од позитивните законски прописи без разлика на разноликоста на бесправното стекнување на тој имот, тоа всушност значи стекнување на имот без правен основ.

Во членот 4 каде што врз основа на конфискација на сторени кривични дела се предлага согласно на членот 401 од Законот за кривична постапка, каде што е познато во правото, не право повторување на кривична постапка како инструмент што го познава кривичната постапка, мислам дека тука самиот член прави една грешка согласно на тој член 401 од Законот за кривична постапка, не право повторување на кривична постапка не значи укинување на самата пресуда, туку само преиначување на казната. Иако постојат одредбите во

последните ставови каде што ги предвидува членот 401 каде што кажува дека во таа постапка ќе се укине пресудата, тука мислам дека прави материјална грешка и прави хоризонтална колизија меѓу законот за кривична постапка и членот 4 што овде се предлага.

И од друга страна каде што во законот за кривична постапка, таква постапка може да покрене само јавниот обвинител, дали сега и субјектот што ќе учествува во денационализацијата или во враќањето на својот имот, тој член 4 му дава за право тој сам да покрене постапка. Мислам дека тука законот до крај не е јасен и треба да се разреши во понатамошната постапка како ќе го уреди тоа прашање.

Посебно сакам да нагласам во врска со членот 9 каде што се зборува како барател во смисла на став 1 на овој член "лице кое од денот на одземањето на имотот до денот на стапувањето во сила на овој закон континуирано е државјанин на Република Македонија", сакам да нагласам дека повеќето од граѓаните кои се сопственици и на кои им е одземен имотот, тие се веќе починати граѓани и мислам дека со таквата техника членот 9 став 2 прави една грешка или е употребена техника на тотал или глобал систем на пишување на закон, тој под барател ги смета и починатите и оние кои ќе покренат постапка, како и оние кои се утврдени наследници и т.н. Мислам дека во таа насока, тука треба по прецизно да се уреди тој член всушност во примената на самиот законски проект кога ќе се поднесуваат барањата, може да се случи целиот законски проект да не биде применлив. Ако е починат државјанинот или не бил државјанин на Република Македонија,бидејќи ние не бевме 1948 година,земја како што сме сега, по Законот за државјанство да настане

колизија во врска со тоа за да не може да се покрене ни една постапка за остварување на враќањето на имотот.

Посебно сакам да нагласам и за поведувањето поексофиксно постапка од Агенцијата за трансформација, давајќи фактички два субјекти за покренување на постапка за враќање на имотот, а тоа е дека и Агенцијата по службена должност може да покрене постапка за враќање на имотот мислам и ако е добро решение, сепак вака недефинирано во кои случаи може Агенцијата да се појави како покренувач на постапка, ќе му дадеме дискреционо право на државата, таа на кој сака и на кој нејќе да покренува постапка, што во суштина ќе ги стави граѓаните во нерамнорпавна положба во остварувањето и покренувањето на постапка за остварувањето на враќањето на самиот имот.

И на крај да констатирам дека сепак номотехнички е добро напишан законот и тоа би го поставил од две фази, едно дека правнички е солидно напишан, а од другата страна дека областа за која се пишува законот е доста позната и мислам дека само првите 3-4 членови се обемот и содржината на законскиот проект, а другите членови се само обична технологија и техника и сметам дека со една доработка законскиот проект ќе биде добар и нема да биде во номинална фаза, односно само да им вети на граѓаните на Република Македонија дека може да го остваруваат правото, а семантички власта да се скрива зад самиот законски проект, во суштина законот реално ништо да не регулира материја, туку дека навистина тој законски проект реално ќе се применува во Република Македонија и по принципот нека биде праведно па дури и да пропадне светот, граѓаните во Република Македонија на еден најправеден начин ќе си го повратат имотот.

Сега сакам да кажам дека и за ставовите на Социјалдемократскиот сојуз е неспорно дека треба самиот законски проект да се донесе и тој е во нашите програмски определби, не само заради трансформацијата на самата сопственост, туку и за враќањето на граѓанските субјективни права ограничени со сите присилни прописи во државата и дека тој законски проект всушност е реформски закон од економско финансиска содржина, а политиката само ќе значи добра желба за спроведување, односно реално спроведуваше на уставните определби за кој ние се определивме и го донесовме тој Устав.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Славко Котевски.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Г-дине министре, драги пратеници, почитуван потпретседателе, отворањето на собраниската расправа за донесување на законот за денационализација, или народно кажано закон за враќање на сите одземени имоти на граѓаните во периодот од 1944 до 1968 година, претставува историски момент и за Собранието на Република Македонија и за граѓаните кои од денеска со нетрпение го очекуваат овој закон со кој ќе почнат да се надоместуваат штетите што им се предизвикани од поранешните закони.

Сметам дека законот за денационализација требаше да се донесе многу порано, пред 4 години, тогаш кога се носеше и Законот за приватизација. Меѓутоа, пропустите што се нанесени од страна на претходниот парламент на овој план не треба да се повторат и од овој парламент и јас предлагам работите околу донесувањето на законот за

денационализација да се забрзаат. Имено овој закон наместо во три да се донесе во две фази, и да не се чека со месеци.

Нацртот на законот за денационализација што денеска се наоѓа во секое домаќинство што го изгубило или добило имотот со многу те закони со одземање и на тој имот, законот како закон е прилично добар. Се глед а дека луѓето што работеле на овој документ вложиле големи напори околу неговата изработка. Меѓутоа, се разбира, во него има и некои пропусти кои се додека не стигне аз усвојување сигурно ќе бидат отстранети. Сега засега важно е тоа дека отпочнаа работите околу донесувањето на овој закон што народот го очекуваше. Министерството за финансии и Министерството за правда веднаш треба да предложат мерки за остварување на правата на овој план, но и мерки за заштита на правото на граѓаните кои пак со друг посебен закон и уредби им се отстапиле овие имоти.

Што се однесува до првите тези на законот за денационализација, мене како пратеник од селска средина посебно ме интересира враќањето на одземениот имот со аграрната реформа и можноста за остварување на правата на праведен надоместок на земјоделскиот имот, зошто со одземањето со арондацијата и експропријацијата, всушност тоа ги интересно, моите избирачи. Токму затоа предлага во законот за денационализација земјоделските имоти што се одземени со аграрните реформи на се другите да им се вратат, се разбира тие што го бараат, а на по цена што ќе ја каже пазарот.

Во задругите и комбинатите има доста ваква земја, било да е ораница, пасиште, утрини и шуми, треба да се вратат на поранешните сопственици. Имам сознание дека имотите на комбинатите и задругите

благодарение на законите со кои се одземени приватните земјишта, се простираат дури на 300 иљјади хектари. Чии се овие површини, на државата или на комбинатите и дали тие , односно тој имот ќе остане напуштен без газди и што ќе биде со нив? Стариот систем задругите и комбинатите ги формира на најдобрите површини, а селаните останаа да обработуваат површини во најпериферните подрачја, а тоа е правено со законот за арондација и експропријација. Ова треба да се исправи.

Денеска слушнав многу мислења за исправување на овие неправди. Јас како пратеник и раководител на една задруга која дејствува и соработува со околу 10 иљјади индивидуални производители во битолско, ресенско и прилепско, би предложил и едно размислуваше за вклучување на законот за денационализација враќање и на задружниот имот, што пред две децении со партиски декрети се одземени од задругите и дадени на земјоделските стопанства. Сега со овие имоти располагаат тие и тие ќе ги приватизираат, а задругите и по втор пат ќе останат без ништо.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван потрептседателе, почитувани пратеници, и покрај тоа што со Уставот не е предвидено донесување на вакво закон, тоа не значи дека овој закон е спротивен со Уставот, напротив тој е и во духот на Уставот. Така да самиот процес за денационализација е неминовен и веројатно, помеѓу другото е условен и од ангажирање и условување од меѓународните финансиски институции. меѓутоа, во оваа прилика се поставува прашање колку се спремни овие меѓународни финансиски

институции да ја поддржат оваа наша програма и активност во спроведувањето на законот за денационализација.

Во врска со фазите, очигледно преовлада мислењето дека треба во три фази да се донесе и покрај тоа што претходниот дискутант напомна дека треба да биде во две, така што и јас се придружувам на предлогот да биде во три фази, а во самите алтернативи е добро дадено, бидејќи сега во оваа прва фаза треба да се опипа пулсот и> да се види која од алтернативите ќе се прифати.

Самата материја е сложена, самата оваа расправа и самото одолговлекување бидејќи овде треба три интереси да се усогласат или барем да се ублажат. Јасно е дека неоспорно постои интерес на поранешните сопственици кои што треба да се штити со овој закон. Јасно е дека треба при тоа да се гледаат интересите и можностите на државата. Јасно е дека треба да се гледаат интересите на оние моментално ги користат, било да се тоа станови, претпријатија и т.н. Така да при сето ова треба да се има и предвид во која состојба тие добра што треба да се национализираат се наоѓале во тој момент на национализација и кое е подобрувањето сега извршено. Ова кај становите би значело дека треба да се има предвид, особено во Скопје, на оние објекти кои се уништени во катастрофалниот земјотрес од 1963 година при што и самите оние кои живеат во нив и државата имале значителни вложувања и подобрување, така да овие интереси мора да се имаат предвид. Од овие причини, пред се, се залагам да се прифати алтернативата на член 24 односно минимум да им се обезбеди оние кои што живеат во овие станови, државата да се погрижи да ги заштити нивните интереси.

Во поглед ан самиот закон, од самите дискусии за некои остана јасно, а за некои нејасно што е тоа државјанство во континуитет.

XI/10.-

Јас мислам дека треба и во самиот закон тоа малку повеќе да се појасни. За комисискиот состав само би кажал дека тој треба да се прошири и со други стручњаци, од други профили урбанисти, агрономи и т.н. бидејќи е тоа многу комплексна материја. Самиот состав на комисите предвиден е многу тесно, со самото тоа што е предвидено дека претседател на комисија мора да биде оној кој што има 5 години работно искуство во имотно - правните односи, како да се прејудицира дека веќе претседатели на комисии ќе бидат оние кои што работат во службите за имотно - правни односи во општините, во подрачните единици на Министерството, што мислам дека не е во ред. Таа Комисија треба да се прошири со таа можност да бидат вклучени и други стручњаци и други профили. Инаку она што е за самото работно искуство за правосуден испит и други услови тоа е во ред. Затра сметам дека добар дел од овие алтернативи треба и понатаму сериозно да се разгледаат со тоа што да се внимава бидејќи овој закон предизвикува, би рекол, судир на три интереси, и уште еднаш би потсетил на поранешните сопственици чиј интерес треба да се штити, интересот на оние кои ги користат сега материјалните добра, односно претпријатија кои стопанисуваат со овие, како и оние кои живеат, како интересите и можностите на нашата држава. Али, исто така би замолил, можеби во следната фаза министерот да ни даде согледување односно Министерството, во која мерка меѓународните финансиски и монетарни институции би ја подржале и би дале финансиска поткрепа на оваа наша активност.

XII/1.-НН/МЛ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Станковски има збор.

Се откажува од дискусијата.

Господин Наум Симјановски има збор.

Молам да се повикаат сите пратеници надвор од салата.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван министре, дами и господа. Ценам дека самото поставување на овој закон е висок демократски чин што претставува, мислам чин за поставување на овој закон во собраниска процедура на кој претходеле доста голем број стручни анализи, согледувања а исто така се даде и одреден приод на ова прашање со самите решенија што се нудат во проектот.

Проблематиката што е третирана во временски период од околу 30 години и бројот на законските проекти, околу 28, ја дава тежината на самиот законски проект која во стварност претставува адекватно нерешение на сите овие 28 законски проекти што во претходните години се онсени. Ова е право освежување, морално и материјално кон граѓаните на Република Македонија, затоа што директно или индиректно секој граѓанин на Република Македонија е тангиран со овој проект.

Законот за денационализација е во функција на одвивање на процесот на трансформација и приватизација што заедно со Законот за трансформација претпријатијата со општествен капитал, Законот за продажба на деловни згради и деловни простории го сочинуваат пакетот на закони за трансформацијата на сопственоста.

Поаѓајќи од решенијата што ги нуди законскиот проект може да се констатира дека се работи за исклучително сложена акт со кој се врши

трансформација на дел од општествената сопственост што била создадена со одземање на имотот на граѓаните без или со симболичен надоместок. Со овој закон фактички би се заокружила нормативната, нормативното регулирање на трансформацијата на најголемиот дел на општествената сопственост.

Понудениот текст со респект и внимание го проучив к по истиот имам одредени конкретни забелешки, со што мислам ќе дадам и сопствен придонес во изнаоѓање на најоптимално решение во наредната постапка.

Начелни забелешки: и покрај објективните тешкотии неопходна е приближна проценка на потребните средства за реализација на понудените решенија. Со тоа не треба да се бара оправдување во неможноста од целосен увид на имотот. Треба да се направи напор зашто е можно подобро утврдување на сопствениците на имотот. Во овој контекст и посочените извори за плаќање на надоместок не влеваат некоја поголема сигурност. Ова го велам бидејќи сегашните ефекти од трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал ни од далеку не ги задоволија претходните потреби. А, по овој основ се планирани средства за денационализација. Оваа констелација впрочем беше дадена и при разгледувањето на Извештајот на Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен ка- питал.

Исто така ценам дека и во претходната постапка околу утврдувањето и докажувањето на сопственоста ќе се појават поголеми потешкотии. Особено се можни подолготрајни суштински расправи околу докажувањето и расчистувањето на сопственоста.

Околу ова посебно би сакал да искажам дека Министерството за финанси треба на одреден начин да изготви одредена технологија за една поефикасна и побрза трансформација на овој законски проект.

Инаку, моите конкретни забелешки се однесуваат на следните членови:

Во член 11 предлагам да се формира комисија за денационализација во сопственост или поточно во рамките на Министерството за финансии, а алтернативата да отпадне. Мислам дека ова е пооптимално решение, бидејќи оваа проблематика е поблиска на луѓето кои работат во ова министерство. При тоа, сакам да потенцирам да не се оди на некои нови вработувања. Напротив, во рамките на Министерството да се направи порационален распоред на задачите на веќе вработените. Исто така, предлагам, во оваа комисија да бидат претставници на Министерството за урбанизам и Министерството за правда.

Во член 16 предлагам алтернативата да се брише.

Во член 17 исто така алтернативата да се брише.

Во член 21 предлагам во ставот 2 од овој член да се појасни терминот "местоположба" бидејќи крие опасност од неконкретно негово дефинирање да се проблечат повеќе можности за враќање на земјоделското земјиште, шумите, шумските земјишта и утрината. Алтернативата 1 и 2 на овој член предлагам да се избрише.

Членот 23, решенијата во овој член се поприфатливи отколку.. предложената алтернатива, бидејќи во основното решение се понудени поголеми можности околу враќањето на градежното неизградено земјиште. Ова, особено е значајно бидејќи во вториот став има направено класификација односно разграничување на изградeното земјиште. Правото на сопственост по овој основ да одлучува, да стекнува право на сопственост или право долгорочен закуп на земјиште.

Член 24, предлагам тука да биде вградена и алтернативата со додавање на овој став 4, поточно алтернативата да биде составен дел на овој член.

XII/4.-

Во член 34 предлагам надоместокот во пари од 2 0% да се зголеми на 30% и да се врши плаќање во рок од една година, во две еднакви полугодишни рати.

Член 38, прашувам, дали не е корисно допрецизирање на поблиските одредби што се однесуваат на обврзниците во врска со издавањето. Поточно, кој ќе ги издава, стасаноста нивна, роковите и каматата што по овие обврзници, нормално, би течела.

Член 40, недостасува појаснување околу отуѓување на обврзниците од средствата на Републичкиот буџет од сопственици кои немаат средства за живот, односно кои ќе бидат и како ќе се утврдат критериумите што ја одредуваат долната граница кај сопственикот на обврзницата што ќе му овозможи обезбедување на средства за живот.

Член 41, посебно решенијата на овој член побудуваат посебен интерес и нормално потреба од коментар по истиот.

Имено, се прашувам дали посочените извори на средства за плаќање надомест во готово и со обврзници и дали се најпогодни и дали истите објективно нудат можност од обезбедување на вакви средства.

Како пример ја посочувам точката 2 каде дел од средствата што се остваруваат со трансформацијата на претпријатијата во општествена сопственост на неадекватен начин би биле истите вреднувани, нормално, во вкупниот обем на средства што би биле пред- видени за оваа намена.

Член 45 што ја кажува структурата на комисијата, 5и било добро во овој законски проект да се каже за дефинирање, да биде дефиниран бројот на членовите на комисијата, а исто така предлагам заменикот на претседателот на комисијата да биде дипломиран економист. Бидејќи овој закон е од исклучително значење за реализацијата на процесот на

трансформацијата кој бара и доста средства, предлагам да се испита потребата од соодветно информирање на Собранието на Република Македонија за ефектите и резултатите од спроведување на овој закон. Како таква законската можност да се предвиди во самиот закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Пред да поминеме на гласање, сепак да видиме колку пратеници се присутни во салата.

Бидејќи немаме кворум за одлучување, продолжуваме во вторник. Претресот е завршен, а продолжуваме со гласање по заклучокот и со пратеничките прашања. После тоа ќе одиме со законот за високото образование.

Продолжуваме со работа во вторник, 14.XI, во 10 часот.

Седницата со работа прекина во 17,35 часот.